СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Седмото продолжение на Педесет и третата седница на Собранието
на Република Македонија, одржана на 21 јануари 1993 година

Скопје, јануари 1993 година

**VII ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 53-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 21.I.1993 год.**


1. Андов Стојан - 607, 618, 644 ,656, 657, 699
2. Андоновски Гоце - 607, 645
3. Анастасовски Митко - 613,624,642,643-
4. Арсов Драги - 652,638,639,656,664,673,676,683,685,687,695,697.
5. Абди Фаик - 633, 641
6. Алиу Ешреф - 635
7. Гошев Туше - 670,676,688
8. Голубовски Владимир - 651
9. Ѓорѓиев Петар - 668, 670
10. Ѓорѓевски Борко - 605
11. Ѓорѓиевски Љупчо - 625
12. Жута Беќир - 653
13. Јакимоски Љубомир - 700
14. Крстевски Зоран - 617,674
15. Крстевски Ѓорѓи - 623, 660
16. Лазаревска Биљана - 614, 615
17. Митевски Владимир - 650
18. Минов Панчо - 644
19. Милковски Страшо - 612
20. Марковска Ѓулистана - 620, 652.
21. Манев Ефтим - 621
22. Кицевски Трајан - 639,641.
23. Николовски Душан - 637, 646.
24. Паунов Теодосие - 613
25. Пановски Михаил - 616, 618, 646, 648.
26. Поповски Никола - 649
27. Спировски Киро - 678 (список)
28. Стојановски Томислав - 619
29. Стојанова Славјанка - 620, 624
30. Стојановски Наќе - 628, 650, 663
31. Трајковски Петре - 652, 698, 699
32. Трпеновски Димитар - 666.
33. Халили Мухамед - 613, 700
34 .Хајредини Џевдат - 631, 661
35. Цветковски Стојмир - 615


продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Седмото продолжение на Педесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21.1.1993 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Пратениците Александар Гештаковски, Шабан Превала, Петар Гошев, Алил Џаферовски, Доста Димовска, Благој Ханџиски, Благој Наумовски и Иван Рамбабов, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

Ве молам да се согласиме, пред да продолжиме по дневниот ред господинот Горчески, како претседател на Комисијата за екологија да го прочита апелот до граѓаните што Еколошкото друштво ги упатува. Дали се согласувате? Се согласувате. Има збор господин Горчевски.

**ГОРЧЕВСКИ:**

Господо пратеници и сите присутни во салата, ми се чини дека нема да биде ништо лошо ако си одземеме неколку минути од денот поради актуелноста во која се наоѓаме и загаденоста да се прочита овој апел до пратениците на Собранието на Република Македонија.

I/2 сј/см

Аерозатаденост, градот се гуши во смок, концентрации повисоки од пропишаните за повеќе од 14 пати. Сулфур двооксид, азотни оксиди и соединенија, олово и чад, тоа го дишиме повеќе од половина месец. И не само тоа, илјадници тони разни хемиски токсични материи, најстрашните отрови паѓаат во Скопје. Научно - стручните лица и институции укажуваат, загрозено е здравјето и животот на повеќе од половина милион жители. Децата се во опасност. Не само од болести туку од и од смрт. Загадувачите ги знаеме. Во сите наши активности се посочени и укажувано е ефектите од стореното се мали. Градот го трујат топлани со лош квалитет на мазут, Охис, Железарница, Треска, Усје, депонии! од смет и уште 40 тони други индустриски погони, илјадници возила без вграден катализатор, без употреба на безоловен бензин/ со возила за јавен превоз и со поминат рок. на употреба. И не само во Скопје, загрозена е почвата, водата, воздухот, реките стануваат мртви реки. Во нив се испуштаат отрови поопасни од цијанит. Вардар се претвара во депонија. Дојранското Езеро е пред нестанување. Охридското Езеро може да биде избришано од листата на заштитените природни добра на УНЕСКО.

Ние, екологистите, го чиниме своето. Во најдраматични форми повикуваме, иницираме, предлагаме, решаваме, апелираме и укажуваме, се што е во наша моќ и домет. Тоа ќе го чиниме со сите и со целиот жар и ентузијазам. Сторете го и вие вашето. Во наша моќ не е законска норматива и тоа сега. Да не дозволиме последиците да се мултиплицираат зошто со ова што ни се случува ја убиваме нашата иднина, нашите деца, природата во која треба да живееме сите, а без неа нема живот. Наместо весели деца по улиците ќе гледаме тажни и болни. Ќе чекорат бавно. Тие ќе бидат жртва на жолтица, бронхитис, асма и леохемија.

I/3

На 22 јануари 1993 година организираме протестна манифестација во 5 до 12 приклучете ни се и вие. Животната средина нема да дозволиме да ни биде уништена.

21 јануари 1993 год
Скопје
Еколошко друштво
"Опстанок"

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, да минеме на дневниот ред.

По редоследот по кој треба да расправаме господинот Андоновски сака да каже нешто.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитувано Претседателство, .

Јас имам една процедурална забелешка во врска со редоследот на веќе утврдениот дневен ред. Се работи ва точката 72 во1врска со ч Информацијата за состојбите и проблемите,' во врска со аграрот односно за откупот на земјоделските производи.

Сметам дека со оглед на актуелноста и значењето на оваа точка и со оглед на тоа да оваа точка требаше да биде расправана на крајот на декември минатата година, а со оглед на тоа да не е веќе расправано по оваа точка, а не се знае крајот на оваа седница, сметам да на оваа седница биде односно во продолжението на оваа седница да биде како прва точка да биде поставена оваа точка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој е за предлогот на господинот Андоновски нека крене рака? (Пратениците креваат рака).

За гласаа 30 пратеници.

Нема доволен број. Сеедно/ ние на тоа пак ќе се вратиме, а сепак да го повикаме и министерот за земјоделство да дојде што наскоро ќе Дојде и таа точка на дневен ред.

I/4

Минуваме на **16-та точка** - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за воведување обврска за плаќање при патување во странство,; со Предлог на закон.

Пред да продолжиме со претресот по предлогот за донесување на закон4 за изменување на Законот за воведување обврска за плаќање при патување во странство, ве потсетувам дека извештаите од надлежните работни тела и мислења на Владата ви се поделени.

Комисијата за финансирање и буџет и Комисијата за економска политика и развој констатираа дека нема потреба од донесуваше на овој закон од причините содржани во нивните извештаи.

Исто така и Владата на Република Македонија не го прифати предлогот за донесување на овој закон.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за воведуваше обврска за плаќање при патување во странство.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

За, гласаа,

(на некој од пратениците не им е јасно и се прашуваат за што станува збор)..

Ве молам, пратениците треба да следат што се случува во салата и што се случувало во салата. Вие сте актери овде на сешто се случувало. Еве јас од почеток пак ќе ви прочитам. Не е лошо, но - да внимаваме тука за тоа сме.

Пред да продолжиме со претресот по предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за воведување обврска за плаќање при патување во странство, ве потсетувам дека извештаите од надлежните работни тела и мислењата од Владата Ви се поделени. Ве  молам, ги имате тие извештаи.

Комисијата за финансирање и буџет и Комисијата за економска политика и развој констатираа дека нема потреба од донесување на овој закон од причините содржани во нивните извештаи. Нив ги имате.

Исто така и Владата на Република Македонија не го прифати Предлогот за донесување на овој закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување на законот за воведување обврска за плаќање при патување во странство. Според тоа, јас сум должен таков предлог, заклучок овде да ви предложам, заради тоа што тој закон е на дневен ред, а кој ќе гласа за, тоа е негова работа, кој ќе се раководи од извештаите на Комисијата, од мислење на Владата или свое мислење, тоа е ваша работа.

Затоа, му предлагам на Собранието да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за воведување на обврска за плаќање при патување во странство.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

За, гласаа 40 пратеници. (реакција на пратениците во салата).

Тоа само кај поединечно гласање ве молам. Молам, молам, мола: 40 пратеници гласаа за, (Реакција на пратениците).

Чекајте ве молам, прво да видиме, чекајте малку, чекајте да ја завршам постапката, а потоа се бара поединечно гласање не може така. Не сме ја завршиле постапката, не сум соопштил резултат, вие треба да се сомневате во резултатот, исходот на гласањето, па да имаат право да предлагате поединечно гласање, инаку нема смисла.

Затоа, ве молам 40 пратеници гласаа за заклучокот.

Дали има некој против? (22)

Дали некој се воздржува од гласање? (б) .

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали некој сега повторно бара гласање? (Не),

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака?

За,гласаа 44 пратеници.

Констатирам дека овој предлог е усвоен.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 1 со кој се согласил претставникот на предлагачот и тој е составен дел на текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Страшо Милковски поднесе амандман за додавање нов член 1-а. 'Пратениците Митко Анастасовски и Горан Зафировски поднесоа амандмани на насловот на законот и на член 1. Пратеникот Михаил Пановски поднесе амандман на член 1. Пратеникот Иван Иванов поднесе амандман за додавање два нови члена 1-а и 1-6, меѓутоа денес поднесе нов текст на амандмани на член 1 став 2 и на член 3 за додавање две нови точки по точка 9.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од пратениците Митко Анастасовски и Горан Зафировски.

Молам, предлагачот да се произнесе по амандманот.

Дали има некој од предлагачите кој ќе сака да се произнесе? (Нема).

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го;заклучувам претресот по амандманот. .

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

37 пратеници гласаа за.

Констатирам дека амандманот не е усвоен. Отворам претрес по амандманот на насловот поднесен од пратениците Митко Анастасовски и Горан Зафировски.

Го молам предлагачот да се произнесе по овој амандман.

Не се произнесува. Добро.

Дали некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам, да крене рака? (Пратениците креваат рака)

За, гласаа 38 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на насловот поднесен од пратениците Митко Анастасовски и Горан Зафировски.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 2 поднесен од пратеникот Иван Иванов.

Дали предлагачот на законот нешто ќе каже? (Не).

Дали некој друг бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).

За, гласаа 36 пратеници.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 1 за додавање нов член 1-а поднесен од пратеникот Страшо Милковски.

Молам, да се произнесе предлагачот.

**СТРАШО МИЛКОВСКИ:**

Мене ми е сосема јасна мерката која што е донесена, меѓутоа, барем во досегашните искуства и скоро во сите земји каде што беа донесувани вакви мерки спрема меѓународните договори кои што ги склучуваа владите секој пат имаше посебен режим за луѓето кои што живеат во граничните појаси. Тоа се луѓето кои што ги користеа тогашните пропусници заради одржување на роднински, блиски врски, контакти меѓу државите и ради полесна циркулација меѓу народот. Затоа мислам дека сосема логично е луѓето кои што живеат во пограничниот појас,а тоа е појасот 20 км лево и десно од границата оние кои што поседуваат пропусници да можат да ја минуваат границата без тие 30 марки.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Дами и господа, размислувајќи ние ја кршиме и декларацијата на Европската заедница со тоа што воведуваме плаќање на границата. Убаво размислете дали некаде во Европа се плаќа сега таков данок од 30 или незнам колку не се плаќа. Според тоа, бидејќи ние благовремено го изгласавме тој закон, но тој беше привремен, од привремен карактер сметам дека ние треба да бидеме тие кои сега ќе го укинеме тоа, а со тоа ќе докажеме на Европа дека ние сме дел од Европа и ја почитуваме Декларацијата незнам од која година беше 1969 или 1963 година. издадена. Размислете, тука има правници и ќе видите каква уставна грешка правиме.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Јас малку подоцна влегов во салата, слушнав дека Владата, има став дека сеуште треба да биде тој закон на сила. Ако е тоа во склоп на Министерството за финанси незнам чиј став министерот брани.

**ТЕОДОСИЕ ПАУНОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господо, амандманот го поддржувам во целост, мислам дека правиме неправда, мислам дека овој закон кој што е сега на дневен ред се донесе на 26 април и требаше да важи до 1 ноември и од 1 ноември дека тој закон сам по себе е укинат како таков и како таков треба да не важи затоа што антиинфлационата програма важи 6 месеци, до 1 ноември. До 1 ноември треба овој закон и цел пакет закони кои ги донесовме на таа седница на 26 април треба да престанат, меѓутоа, овој закон и натаму се продолжува. Мислам дека сме излажани на некој начин со донесувањето на овој закон и како таков предлагам Владата да преземе мерки што побрзо да се укине бидејќи на оваа седница не успеавме да го укинеме, законот да се укине како таков.

Амандманот го поддржувам заради тоа што постојано било пограничните места 20 км на едната и на другата страна секој пат биле ослободени од вакви давачки, а ние воведуваме токму во ова време, ограничуваме односно скратуваме права на граѓаните да не можат да ги вршат пограничните работи, трговски и други работи. Мислам амандманот да го прифатиме во целост привремено додека трае законот, а предлагам Владата да преземе мерки овој закон тотално да се укине зошто како таков мислам дека е непотребен ниту финансиски ниту економски, ниту политички има оправдување за овој закон.

**БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

И самата неспремност на пратениците во салата да разговараат за овој закон покажува дека законот веќе си го наджвеал времето и треба да се укине.

**БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА**: (Продолжение)

Овој амандман е навистина за поддржување, но и самиот амандман покажува дека Законот треба да се укине, бидејќи кога расправавме за законот, неколку комисии кажаа дека не беше дозволено изгласување на амандманот во кој што се велеше плаќањето да важи на 30 марки, обврската за сите четири граници, токму заради тоа што има родбински врски кон северниот сосед, да не се прекинуваат тие врски и службени контакти и родбински, а сега се појавува со амандманот потреба за родбински врски со овие други три, значи.

Време е да размислиме, да не разговараме на овој начин за овој закон со кој што и Владата покажа дека е надминат затоа што кажа дека до 31 декември важи, туку треба да зборуваме за еден нов . закон или за укинување на овој закон. Инаку амандманот е навистина за поддржување.

**СТОИМИР ЦВЕТКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, поддржувајќи го поднесениот амандман како пратеник од погранично место сакам да кажам дека е сосема исправен затоа што во сегашната економска, да не кажам и здравствена криза, недостиг на лекови итн. нашите луѓе доста се поврзани со соседната република и од тие соображенија, мислам дека исцело не би требало тој закон веќе да важи, а посебно овој амандман што сега треба да се усвои.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

II/2

Кој е за, молам да крене рака? (38)

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од пратеникот Михаил Пановски.

Дали некој бара збор.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас го повлекувам амандманот предложен со оглед на тоа што ЗПК предложи амандман со кој јас во потполност се согласувам.

Суштината на амандманот на ЗПК и верувам дека го одразува расположението на сите овде во салата а 'и пошироко, е дека фактички од 31 јануари 1993 година, престанува со важност овој закон

Согласно на тоа го повлекувам мојот амандман и го прифаќам амандманот на ЗПК.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 за додавање две нови точки по точка 9, поднесен од' пратеникот Иван Иванов.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (18)

Констатирам дека и овој амандман не е усвоен.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор.

II/3

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, лично сум да нема ваква фискална обврска за граѓаните на Република Македонија, меѓутоа излегов да проследам една правна логика која мене овде не ми е јасна.

Ние не го усвоивме сега ниту амандманот кој ќе значеше важност на овој закон само три дена, ако се земе периодот за објавување во Служвен весник од 8 дена. Навистина сега дали е концентрацијата во прашање или непознавање на процедурата, ние практично, тоа што на почетокот сакавме да го направиме сега го оневозможивме. Тоа е едната работа.

Втората работа што е нон-сенс во правната техника, што се вели, да ние имаме предлози со амандман укинуваме закон. Тоа е недопусливо.

Според тоа, мислам, или д|а се сконцентрираме малку или пак при вакви правни, така да кажам проблеми итн., или Министерството или пак од ЗПК да ни биде укажано бидејќи очигледно кај пратениците има недоразбирање и не поминуваат работите така како што се декларираме за одделни области.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова е едно прашање врзано за деловничките можности како да излеземе од оваа работа.

Јас сега сфатив, бидејќи не претседавав минатиот пат по оваа точка, од излагањето на господин Пановски сфатив дека се случило нешто вакво, амандманот што бил одбиен како амандман, после тоа како амандман на ЗПК е прифатен од .страна на предлагачот.

(Пратениците реагираат дека не е тоа)

Ве молам, да не направиме збрка сега

(Пратениците реагираат дека амандманот на ЗПК е прифатен)

Прифатен е, амандманот од ЗПК е прифатен господине Пановски.

Молам, предлагачот нека објасни.

Но, ве молам сега дали Законот ако го донесеме сега важи до 31 јануари? (Важи)

Таков амандман беше еднаш одбиен.

Молам да објасни господин Пановски.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Потполно верувам на ЗПК,со оглед на тоа што во таа Комисија седат правници и адвокати кои ги знаат законите и со оглед на тоа што не сум по струка правник, јас бев тогаш на Комисијата заедно со господинот Тодор Петров и тие одлучија како што одлучија. Јас сум согласен, како официјален предлагач, во потполност го прифаќам тоа што го предложи ЗПК.

Јас многу повеќе верувам на еден собир на правници кои го разгледаа Законот од сите страни, го прочешлаа убаво, отколку на било кој пратеник овде што ќе му текне ќе излезе, ќе си каже мислење, ќе оспори, нема да оспори.

Тоа е моето мислење. Тука е ,и претседателот на ЗПК јас го молам, бидејќи тие заседаваа 2-3 часа дебатираа околу таа проблематика, нека станат и од правна точка нека го одбранат нивниот предлог, доколку е исправен, се разбира.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Никој не може сега да го оспорува или одбранува амандманот. Ако амандманот е прифатен од предлагачот е составен дел на Законот, а никој не дава амандман да се тој брише. Така што сега немаме разговор за таа работа.

II/5

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Од предлагачот беше поднесен предлог за измена и дополнување на Законот со Предлог на закон. Кога дојде овој проблем пред ЗПК ние одлучувавме кога ќе треба тој закон да стапи на сила. Па, дали тоа треба да биде по објавување осум дена, кога ќе се објави што ќе се објави, поради практична примена, а се работи за корисна работа за граѓанинот. Поповолен е.

Одлучивме, без оглед кога ќе се објави дали тоа ќе биде 27 јануари, 28, 30 или 31, Законот да престане да важи на февруари односно да важи до 31 јануари.

Ако, што господинот Крстевски говореше треба Законот да се применува осмиот ден од објавувањето во Службениот весник, тогаш, ако се објавеше на 31, така беше на 31 јануари ќе дојдеше да овој закон престане да важи дури на 9;февруари.

Интенцијата на предлагачот на законот беше да престане:^ со 15 јануари. Но, најдовме една средина,' ниту да престане на 15 јануари бидејќи не може ако не мине пред Собранието, еве како што се случи денеска сме 21, а да се применува уназад и затоа одлучивме да одредиме една преодна одредба која ќе делува без оглед кога законот ќе биде објавен. Тоа е целата работа.

Инаку, самиот предлагач оваа формулација дека законот важи до 31 јануари ја прифати и тоа стана составен дел на Законот. Не можеме да говориме аз амандман на закон, ниту пак нивниот. предлог на закон е амандман, туку предлогот за донесување на закон за измена' и дополнување, што значи практично престанок на законот.

(Пратеникот Гулистана Марковска бара збор и се упатува кон говорницата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не, материјално ние зборувавме госпоѓо Марковска во ред е, материјално, тоа е веќе составен дел на законот.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитувани пратеници, сакав да дадам само одредени појаснувања како јас ги разбирам.

Овде беше речено дека со прифатениот амандман практично се укинува Законот. Тоа не е точно, затоа што ова амандманско решени не е со текст - овој амандман се укинува односно престанува законот да важи, туку овој амандман само дава рок на важење на законот, а случајно тоа е 31 јануари.

Само ќе напомнат дека ова е седмо или осмо продолжени на оваа седница, така што овој закон веројатно ќе важеше подолго време ако беше порано разгледуван.

Според тоа, дали ќе важи два дена или три дена или пак ќе престане уште веднаш во денот на објавувањето, доколку тоа биде, се поклопи со 31 јануари службениот весник тоа воопшто не е важно.- Мислам дека не е добро да шириме такви расправи дека со амандманот укинуваме закон.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Со амандманот на ЗПК се утврдува примената на овој закон, а тоа значи овој закон да престане со примена на 31 јануари. Значи, правниците незнам како го толкуваат,за мене суштината е тоа што законот ќе престане со важност на 31 јануари. И, мислам, кога пратениците ќе се произнесуваат по овој закон, тоа ќе биде заедно со овој амандман што на некој начин ќе значи укинување на овој закон.

Сега, бидејќи тоа е еден став на Комисија што го гледала овој закон, сакам да го истакнам мислењето на матичната комисија, на Комисијата за финансирање и буџет што не ги прифати сите понудени амандмани на овој закон и не го прифати амандманот кој беше предложен, до пратеничката група Илинден - Слободни демократи а еве од кои причини

Комисијата не ги прифати овие амандмани од причини што оцени дека има потреба од важноста на овој закон, бидејќи со истиот се обезбедуваат девизни средства за потребите на Република Македонија кои, според тоа штрни беше укажано од страна на претставникот на ? Владата, се поклопи' со мислењето на Комисијата, а тоа е дека овие средства што се убираат со важноста на овој закон не се незначителни и се доста потребни во овој момент на нашата Република.

Така што ни беше истакнат еден податок што говореше дека до крајот на декември 1992 година беа собрани девизни средства од околу 5 милиони марки кои сигурно во овие услови не се за потценување и како Комисија за финансирање и буџет сметавме дека овој: закон треба и понатаму да остане во важност• Пред самото гласање кога треба да се произнесеме за тоа дали да го прифатиме овој закон или не, смета дека треба пратениците да го имаат предвид и овој став на Комисијата за финансирање и буџет.

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Почитувани пратеници, имам сосема обратно мислеше' од излагањето на пратеничката Стојановска и тоа од следниве причини што на Република Македонија можеби и требаат девизи. Но, начинот со овој закон што го донесевме да убираме девизи е сосема, за мене дури противуставен. Од кои причини:

II/8

Ние немаме оформено пазар на девизи. Ако јас побарам да одам во било која земја каде што треба да се плаќаат 30 марки од каде треба да ги купам марките. Дали треба да го дозволиме ченчелењето по нашите улици да се купуваат девизи за излегување надвор од земјата. Ми се чини дека во ниту една земја не би се ставала таква фискална дажбина тоа е фискална дажбина, спротивна на својата валута. Ако на Македонија и требаат пари при излегување може во денари да се плати. Граѓанинот нема од каде да купи девизи. Треба да оди на пазар да купува а полицијата ги фаќа луѓето ги носи во девизна инспекција секојдневно. Ми се чини, најнапред треба да се реши да се донесе закон за промет со пари. Додека тоа не се реши, сметам дека овој закон е излишен да стои понатаму. Јас предлагам тој да се укини така како што е предложено од ЗПК.

III/1 СП/ЛБ

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници со она што кажа Славјанка дека Комисијата за финансирање и буџет имала поинакво мислење од ЗПК, јас сметам дека тоа прашаше ние треба да го разгледаме од две при- чини.

Првата причина прва и основна што минатата Влада заедно со мерките што ги донесе за стабилизација на оваа држава беше како составен дел на тие закони и овој Закон. Меѓутоа, со оглед на состојбата што оваа Влада си отиде и оваа Програма беше нарушена, ние избравме нова Влада и сега доаѓам до втората причина поради која сметам дека треба да се укине тој закон.

Значи, ако новата Влада пред овој Парламент ни достави пакет /на мерки за економска стабилизација на Република Македонија во 1993 година аналогно на тоа, бидејќи; Славјанка припаѓа на СДС и на оваа коалиција која е моментално со Владата, тогаш допуштените теми, тоа е мое мислење, тогаш слободно коалицијата може, до колку сака до колку мисли дека овој закон ќе биде позитивен во смисла на подобруваше на стопанските субјекти во РМ , можат и без наше учество и без наше гласање да си го донесат. Тоа значи дека јас како пратеник сум против важноста на овој Закон и тој самиот требаше да престане со важност се до тогаш додека траеше таа програма понудена од Владата.

Затоа уште еднаш потенцирам дека јас како пратеник сум против овој закон, не би требало да постои во РМ, но коалицијата, до колку сметам дека треба да постои, можат да го изгласаат и без наше учество.

III/2

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Ова е реплика на господинот Котевски, само сакам да го потсетам дека, ако се сеќава, при формирање на комисиите уште на почетокот на мандатниот период, сите комисии се составени од претставници на повеќе политички партии скоро од сите политички партии кои се застапени во Парламентот, па сакам само да го потсетам дека тоа не беше мој личен став, ако сакав да го кажам мојот личен став ќе го кажев мојот личен став или на СДС. Јас само го кажав ставот . на комисијата за финансирање и буџет кој го имате во Извештајот и кој ви е поделен , а кој не е спротивен од она што беше изнесено во усна форма од моја страна, па така господине Котески имајте го предвиди тоа при вашето излагање.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Еве вака почнуваме секој ден, па поток станувaат полемики. Не сакам да објаснувам Дека се тоа две страни едната надворешна другата внатрешна.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Зборувајте за законот.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Законот го донесе Комисијата и треба да се прифати.  Сега, кога ќе излезе во "Службен весник" незнам, знаат тие што го носат, меѓутоа да не остане во некое ќоше затоа што еден ден носиме еден .закон а другиот ден ги трујат рибите, третиот де не трујат нас

Ве  молам, јас не напаѓам ни една партија, да се држиме во принцип Законот на 31 декември престана да важи затоа што беше противуставен и за надворешниот свет и за нашиот граѓанин. Спрема тоа, нема што да дискутираме. Ако сакате излагајте цел ден, но реагирањето од публиката

односно од граѓаните е негативна за нас и ве молам да престанеме, а вие господине претседателе дајте го предлогот на гласање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова дека е противуставен одлучува само Уставниот суд а се друго е став на еден човек односно пратеник.

Ве молам дали уште некој бара збор?

Господинот Горгиевски:

**ЉУПЧО ГОРГИЕВСКИ:**

Дами и господа пратеници, сметам дека повторно се отвори најинтересна расправа околу еден интересен закон. Не само поради неговата економска содржина, туку и поради неговата политичка содржина.

Самиот факт што повторно имаме поделба по ова прашање на опозицијата и позицијата, од позиција што, едни ја 'бранат Владата и резултатите од овој закон, а тоа е собирање на нови средства, а другите ги бранат сосема спротивните ставови, самиот1 факт што на еден начин можеме да зборуваме за поделба и различни ставови на две парламентарни комисии од кои можевме да ги следиме дискусиите од едната и другата страна во оваа парламентарна сала сигурно ни објаснува дека станува збор за еден интересен закон и сигурно не можеме да не ги кажеме парадоксите кои произлегуваат од тој Закон.

Прво, ќе се зафатам со аргументите на позицијата односно на коалиционата Владата за останување на овој закон. Се искажаа, неколку ставови,

Прво, дека се собрале не знам колку финансиски средства. Ако ги погледнеме тие финансиски средства колку се за овие изминати месеци, можеме веднаш да заклучиме дека се тоа некакви финансиски средства за гасење на некои пожари на Владата, меѓутоа, ако ја погледнеме другата

страна колку граѓаните на РМ се оштетени со овој Закон, сигурно споредбата не може ни да се прави. Значи споредба колку е во интерес на Владата а на друга страна споредба колку е тоа во интерес на граѓаните на РМ на кои им се ограничува основното човеково право, основното индивидуално право, а тоа се слободни комуникации, слободни врски, слободни контакти со светот не само во поглед на бизнисот, во поглед на обичните комуникации меѓу луѓето. Тоа е првиот елемент.

Вториот елемент кој е уште по парадоксален погледнат од економска страна тоа е функцијата на овој Закон. Зошто зборуваме за функцијата на овој закон. Ако имаме предвид дека овој Закон е донесен како еден од десетината закони кој беше донесен во склопот на една антиинфлациона програма на Македонската Влада која беше донесена уште од времето на бившата Влада, а потоа со мали измени ја прифати и новата Влада на РМ значи, ако го гледаме овој закон во склопот на економскиот дел на една антиинфлациона програма на една економска програма на Македонската Влада, што можеме да заклучиме?

Завчера имавме класичен пробив и класично рушење на таа антиинфлациона програма од самата Влада со кршењето на мерките за цените на електрична енергија, брашното и сите потреби што беа опфатени со тој закон. Значи, самата Влада си ја сруши сопствената антиинфлациона програма. Сега се поставува парадоксот и на овој закон, како закон во целиот склоп на една антиинфлациона програма на Македонската Влада. Каде е тука местото на тој Закон? Ако сите тогашни сидра, како што се нарекуваа, ако целата друга програма во овој момент е пробиена од самата Влада на РМ, кој е парадоксот овој закон сега да ни виси на сите нас без негово конкретно место во целиот тој склоп на економската програма на новата Македонска Влада.

Конечно, ако го тргнеме економскиот дел не можеме да не дојдеме до политичкиот момент на самиот закон. Политичкиот момент, јас би рекол дека во овој момент е многу пресуден и има многу по- голема тежина отколку самата економска функција на овој Закон. Која е политичката"тежина на овој Закон? Ако овој Закон гласи дека македонските граѓани се обврзани да плаќаат 30 ДМ спрема сите други држави во светот, а се ослободени само спрема државите на бивша Југославија, тогаш доаѓаме до еден парадоксален политички момент и ја воведуваме во крајно не пријатна ситуација целата Македонска држава. Која е таа? Таа е онаа што на сите нас ни е јасно каков е тој политички парадокс и какви се тие политички принципи кои во овој момент Македонија ги спроведува Целиот свет со резолуции на ОН Србија односно бивша Југославија е блокирана односно има најразлични мерки кои ја блокираат комуникацијата со таа држава. Целиот друг свет е отворен, а во Македонија имаме сосема друга ситуација, сосема парадоксална состојба затворени сме према целиот друг свет , а сме отворени спрема Србија. Тоа е таа политичка импликација која, јас ве уверувам, нема да покрие ниту еден елемент од економските добивки, како што сака Владата да ги каже овде, а на Македонија ќе и донесе една крајно непријатна ситуација токму во овој момент на една политика која еве гледаме секојдневно се бори за активно меѓународно признавање на РМ.

Јас можам да ви кажам како политичар кој постојано се среќава со дипломатски претставници од повеќе земји во светот, повеќе пати ми е поставено прашањето како го толкувате тоа во овој момент да имате блокада против целиот свет, а да имате отворени граници према Србија. Малку од малку да се погледне политичката суштина, политичкиот елемент на овој Закон ќе видиме дека сите ние сме во една парадоксална состојба

во овој момент. Не само што ние како граѓани сме во парадоксална состојба, туку Македонија како политички субјект ја ставаме во парадоксална состојба и потоа се чудиме зошто едни за нас мислат така, зошто за други така, зошто оваа карта Македонија е ставена во границите на Југославија, зошто сеуште немаме меѓународно признавање. Затоа инсистирам на овој елемент покрај економската тежина на овој Закон да не го изгубиме од предвид политичката тежина на овој Закон кој до сега владее во РМ. Парадоксот е повеќе од јасен и секој што сака да го види може да го види. Оној што сака да биде слеп може да продолжи и понатаму да биде слеп, меѓутоа, јас ве уверувам дека еден ваков закон ќе има политички импликации по македонската држава и токму она што сега за што ние најмногу се залагаме тоа е меѓународното признавање на РМ.

Оттука јас лично,сметам дека треба да се поддржи Законот, со кој престанува овој важечки закон за РМ, да нема едни поблиски пријатели и не поблиски пријатели. Кога; го реков веќе тоа да ве потсетам дека сите вие, сите вие знаеме дека државното раководство , на РМ води политика, барем декларативно, на еквидистанца. Ако водиме политика на еквидистанца еве момент да ви покажеме дека навистина водиме политика на еквидистанца. Во таа смисла сметам дека ние уште еднаш како парламент на граѓаните на РМ треба јасно да стоиме зад позицијата и чисто демократска и чисто морална, меѓутоа, и политичка.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, од Извештајот што го имате пред вас од ЗПК можете да видите дека Комисијата ме овласти за известител по нејзиниот амандман кој стана составен дел на Законот.

Извештајот е јасен , всушност за појаснување на оние кои евентуално со недоволно внимание го виделе и кои го немале предвид целосниот текст на Законот е тоа дека Комисијата предлага овој Закон да престане со 31 јануари 1993 година, со кој се согласува и предлагачот на Законот господинот Пановски и тој станува автоматски составен дел на Законот. Тоа е суштината.

Сакам да кажам некои работи во Извештајот како пратеник, доколку ми дозволите, а тоа е следното.

Уште кога се носеше Законот на крајот на април минатата година практично беше составен дел на пакет мерките и уште тогаш Владата како предлагач се дистанцира од неговата целосна економска суштина, дека нема; соодветна економска подлога тој Закон и претставува еден психолошки момент граѓаните на РМ да се воздржат од прекумерна потрошувачка со тоа да дадат свој поединечен максимален придонес како субјекти в<р Републиката за стабилноста на РМ со оглед дека се наоѓа во зачеток на нејзината државност и со оглед на тоа  дека се работи за состојби во кои се најде не по своја вина. Тоа го предлагаше предлагач кој во тоа време го викавме експертски по форма, а кој во суштина беше на партијата ВМРО-ДПМНЕ.

Расправата на пратениците по предлогот на тој Закон овде следеше различно и по однос на партиската припадност од она кој како од пратениците ценеше дека треба да се подржи таквата мерка или не треба да се подржи. Имаше полно дискусии само да ве по сетам на таа релација од голем број пратеници дека не треба да се подржи таа мерка со оглед на тоа дека. прават еднаквост на граѓаните. Во тој момент преовлада суштинското прашање дека сепак преовлада интересот на РМ како држава во тој момент и активниот придонес што треба секој граѓанин да го даде на таа релација.

За ефектите од тој закон слушнавме на неколку наврати и пред тоа кога се предлагаше овие шест седум месеци и неколку пати се напаѓаше тој закон и навистина не се ефекти за занемарување за РМ тие бројки што се постигнати. Исто така се знае и структурата на граѓаните кои одат преку граница и кои се обврзници на овој Закон. Се работи за структура на граѓани претежно која се бави со економ- ски односи, со дејност од стопанисување, а не се работи за граѓани кои го користат правото да шетаат по светот и да користат одмор. Претежно е таква структурата на граѓаните и тие граѓани се обврзници на овој Закон. Оттаму сите инсинуации изнесувани зад оваа говорница дека се работи за некоја политичка конотација на овој Закон мислам дека не држат впрочем веднаш да кажам дека инсинуацијата ја прави коалицијата која се залага да опстане овој закон не е точно затоа што и во времето кога се носеше беше поделена поддршката на 7, Законот,имаше од сите партии што ја поддржуваа и од сите партии ц што не ја поддржуваа што верувам и во овој случај при ова гласање, ќе биде исто така.

Владата наоѓа за сходно дека' треба тој Закон, со оглед на ефектите да продолжи. Ако до денеска некој евидентно ги нарушува тие односи на еквидистанца од политичките субјекти во Републиката тоа е партијата на ВМРО-ДПМНЕ. Впрочем вие воспоставивте контакти со политичките партии од Србија, вие ги викнавте тука, ги поканивте, ги угостивте и се крстевте и крстејќи се и мислејќи дека во Македонски цркви, а тие во српски цркви, а никако тоа не го правеше СДС.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, тоа не е на дневен ред.

Има збор министерот за финансии Џевдет Хајредини.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Почитувани пратеници, овој амандман на ЗПК по писмен пат не стигнал до Владата и затоа немате писмено мислење од Владата. Затоа сакам Собранието да го известам дека Владата не го прифаќа амандманот на Законот кој е на дневен ред од причини што во најскоро време Владата сама ќе заземе став околу натамошната судбина на овој Закон и паралелно со информацијата за севкупните ефекти од примената на овој Закон ќе предложи соодветно решение.

IV/1 ЛП/ПН

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитувани пратеници, јас очекував од господинот министер за финансии да даде одговор во име на Владата токму на овие податоци овде што ги изнесува во мислењето на ефектите што се постигнати со донесувањето на овој закон. И овде се наведуваат некои силни износи на остварени средства од незнам колку милиони германски марки итн. Меѓутоа, овде токму во ова мислење јас очекував од Владата и министерот за финансии да ни го даде и вкупниот број на патниците кои што ја напуштиле нашата Република. Само на тој начин ние ќе можеме да видиме дали овие остварени девизни средства одговараат токму на бројот на патниците кои ја напуштиле нашата земја. А токму од оваа Влада, односно од коалиционата влада на која спаѓа и г-динот Наќе Стојановски ние добивме информација дека со! овие средства се злоупотребуваат злоупотребува оваа Влада која што вие ја поддржавте, г-дин Наќе, односно дека царинската служба со тие средства кои се земаат од граѓаните, при напуштањето на границата тие ги злоупотребуваат односно ги користат за подмитување. Тоа е едниот пат на ,кој Владата треба да даде одговор, бидејќи тоа отворено го кажа и министерот за внатрешни работи, ми се чини.

Вториот момент за неприфаќањето на овој закон е демонетаризмот. Ние овде уште еднаш со настојувањето да остане овој закон и натаму поддржуваме една неусставна мерка, иако знаеме дека со законот за девизно работење во РМ единствено платежно средство е денарот, ние граѓаните ги присилуваме да одат во Старата чаршија да купуваат од дилерите, а министерот за внатрешни работи г-динот Фрчковски наредува и го застапува тој став тие дилери да се репресираат и затвараат, да се

спречува таа активност, сега граѓаните се приснудени од друга страна да купуваат на црно 30 ДМ за да можат да ги платат тие обврски што со овој закон се присилуваат тие едноставно да бидат криминалци, да не го почитуваат законот и да не ги почитуваат обврските за единствено платежно средство, а тоа е денарот, која обврска произлегува и од законот аз девизно работење.

Најпосле ние навистина сме доведени во ситуација да јас плаќаме слободата. Зарем на тој начин ние ќе се декларираме во светот дека сме самостојна и независна држава, ако сме доведени во ситуација да го користиме тоа право за излегување, за напуштање на нашата Република,да плаќаме 30 ДМ, значи доведени сме во ситуација кога таквата мерка беше применувана во, оној период со кој сакаме да расчистиме.

На крајот дозволете ми само да завршам со една изрека. Не ми е криво што со една ваква мерка не лажете, ,туку криво ви е што верувате дека ви веруваме со ваквите мерки што ги применувате.

**ФАИК АБДИ:**

Мислам дека слободната манипулација со овој закон и водење. политика на еквидистанца и борбата за народ, борбата за гласови итн. се гледа овде. Прво, ако ја имаме таа голема грижа спрема народот, да знаете господа пратеници, а верувам дека знаете, народот не патува. Со овој закон народот не се тера да биде шпекулант, да купува девизи, да оди надвор, да плаќа заради тоа што ако само со 30 ДМ некој ќе оди во странство, а таму што ќе троши, денари? Сигурно девизи ќе троши. Да не зборуваме околу тоа. Мислам дека не треба да се брукаме како Парламент овде. Меѓутоа,

ако велиме дека треба да престане законот заради икс причини, тоа е друга работа. Не треба да ги потценуваме тие 5 милиони марки што сме ги собрале од стопанствениците, од мало стопанство итн., од ситни трговци. Па тие патуваат. Ако треба некој да биде против законот, јас треба да бидам најповеќе, моите бирачи патуваат, немаат работа, патуваат, купуваат, продаваат на Бит пазар итн. Да, тоа е вистина, нема лага. Но, овде да се обвинуваат две најголеми , партии меѓу себе, едни спрема други, мислам дека не е право, треба да мислиме за Македонија како држава, треба да мислиме на граѓаните како граѓани на РМ и само од тие аспекти да видиме дали треба да престане улогата на законот или не. Според мене, не треба да се потценуваат тие 5 милиони марки ако се "Колку, ако имаме девијации внатре од царинските служби итн. треба да се отворат убаво очи и да Видиме кои на каков начин ги собира средствата и на жиро с/ка да|се плаќаат или на лице место да се плаќаат, да средиме нешто. А дека ќе постигнеме некој си негативен ефект надвор од оваа наша држава заради тоа што не сме во согласност со парискиот, хелсиншкиот или незнам кој друг состанок,. ООН, да го оставиме тоа настрана. Не сме ние некои големи рок фелери како РМ или Македонија да ја мислиме како рок фелер, па да се откажеме од некои средства. Сигурно ние граѓаните на посреден или непосреден начин ги плаќаме тие 30 марки. Овој мал стопанственик што оди горе-долу, набавува роба, тоа е се во цената на чинењето, и 5 и 10 пати повеќе плаќаме на Бит пазар- кога купуваме било што што се увезува. Па според тоа, ние плаќаме граѓаните, а не некои што увезува или извезува. Сигурно има негативно дејство кај овие што имаат роднини и пријатели што одат да се видат или болни да се лечат. Сигурно има, меѓутоа, во однос на другите што се突 бават во мало стопанство, тоа е

малку. Затоа, да не се шпекулира многу, ги повикувам двете партии. Немојте, ајде да разговараме за Македонија. Инаку, народот не гледа, губи трпение, дали сме за народ или не сме за народ, тоа оставете го на страна.

**ЕШРЕФ АЛИУ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, вака како тече расправата, заправо присуствуваме на еден парадокс или на некој аналитичар кој ги следи ставовите и концепциите кон нашите сопствени проблеми ќе забележи дека ставовите или концепциите еволуираат, т.е. настанува ново освестуваше или скршнување на лево или на десно или поблаго речено измена на улоги зависно од проблемот кој се третира во Собранието. Основно и појдовно, што без друго треба да се земе предвид или централно прашање е, кога дискутираме за овој закон, било е и треба да остане колку .оваа мерка е демократична или колку е недемократична. Колку оваа мерка преземена од бившата влада се вклопува во демократските процеси и колку таа заправо придонесува тие процеси да се остваруваат. Друго за мене воопшто не е тука во прашање, а целта зошто овој закон се донесе или оваа мерка веќе ја кажаа претходните дискутанти. Владата ценеше дека ова е една можност за собирање средства кои ќе помогнат во напорите или во реализацијата на антиинфлационата политика. На тие позиции со својот став останува сегашната Влада, Влада во' која партиципираме и ние т.е. и јас преку партиските претставници.

Би било добро да се потсетиме дека ноември веќе е далеку зад нас, а постои став во ова Собрание дека оваа мерка требаше да важи до ноември

и залагањето на бившата Влада или замолницата беше таа ние пратениците да покажеме добра волја, желба и разбирање оваа мерка да важи до ноември, со што до колку ќе беше на дневен ред не тврдам дека и тогаш ќе се укинеше исто така како што не тврдам дека треба да остане и сега или треба да се укине. Меѓутоа став на "ова Собрание е тој

И сега би подвлекол дека во оној стил на ролји театарски кога зборувавме прв пат, партијата која веќе донесува и предлог закон се залагаше овој закон како да мораше да се гласа и да важи, додека другите пратеници беа поделени и да и не а мислам дека консеквентни и денеска на иста позиција стојат само пратениците на ПДП. Со тоа ништо ново не кажав, меѓутоа, обвинувањата или взаемните обвинувања, ми се чини тука се непотребни, Давање поважна политичка конотација или димензија на овој закон,мислам дека:е неиздржлива, нашата определба е да ја заштитиме демократијата, а во таа демократија себе си и сите граѓани на РМ. Мискм и длабоко сум убеден дека Владата може да најде и други форми и начини, а исто така и ова Собрание и јас што зборував со сите вас, да при- донесеме конкретно во реализацијата на Антиинфлационата програма и со сопствени средства доброволно да придонесеме да се соберат уште повеќе марки, а не на ваков начин да се начека граѓанинот кој мора да патува за да се казни 30 марки. Тоа не е придонес за државата, тоа е казна.

Да заклучам, мислам дека 30 марки уште тогаш беа многу за наши прилики, денес се уште повеќе, премногу. Би било сходно да не се критикуваме без потреба воопшто, туку да ги обединиме силите, сите пратеници тука, ак,о има потреба да дадеме и една пауза и да најдеме една заедничка солуција, да размислиме на начини и форми на кои можеме

поконструктивно да придонесеме во таа смисла.

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Почитувани пратеници, секогаш кога се поставува некој закон како предмет на дискусија во една прилика или во многу прилики како да настојуваме да си измениме и сопствените мислења, а по цена да кажеме и големи невистини. Добро ќе биде да си ги земеме и стенографските белешки од затворената седница на бившата влада и во подоцнежна фаза во 2 наврати дискусиите на одделни пратеници, за жал што сега слушнав и имав прилика да видам некои што даваат аргументи, во кои сум ги слушал тие аргументи, сум ги уважувал, а сега имаат дури и политичка конотации]а. Од една проста и едноставна работа, по мое мислење, која е составен дел на законот, од ЗПК створивме палета на голем број невистини. Добро ќе биде во оваа прилика г-динот Драги Арсов да се извини на Парламентот, да се извини на граѓанството, да се извини на царината...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, никој од овде не може...

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

... затоа што протури во Парламентот гола лага.

**СТОЈАН АНДОВ**

Немојте, тоа ќе се види, тоа не е вистина.

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Мислам да не се убедува Парламентот кој ги зема парите, кои ги контролира средствата, кои работи со царини итн., а тоа се користи овде

како аргумент за контрадокажувања и неподдржување на законот. Затоа, ако некоја работа не ни е јасна, мислам дека воопшто како аргумент да ја користиме и злоупотребуваме.

На крајот сакам да потенцирам една работа. Ако веќе го ставаме економскиот интерес или економската функција каде што овој закон доби и тежина како таква, тогаш веројатно и политиката далеку ќе ни достигне.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-динот Драги Арсов има реплика.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Јас навистина не чувствувам потреба од некакво извинување, затоа што претходниот дискутант овде не даде основа зашто јас да се извинувам. Ако г-динот пратеник го навредува вистината овде што јас ја изнесов, тогаш тој не 'треба да се навредува за една таква вистина, затоа што овде Владата, Владата добро ни е познато не даде одговор што беше неопходно ние да го добиеме за аферата за цариниците во Куманово. Владата е должна тоа да го објасни, кој кого ограбува. Вие тоа требаше да го кажете, бидејќи таа афера ни е позната на сите нас.

Понатаму, јас навистина упатив овде едно умесно прашаше до Владата, а Владата тој одговор не ни го даде. Овде во мислењето се наведува дека. од овој закон од плаќањето при патуваше во странство се собрани средства до 20.12.1992 година 4.552.066 ДМ, меѓутоа јас побарав Владата да ни даде дали овие собрани средства одговараат, одговара тој соодност со вкупниот број патници што излегле од земјата. Само на тој начин можеме да добиеме една вистинска слика дали овие средства одговараат на вкупниот број на патници што излегле и на тој начин ние можеме аргументирано да разговараме каде се тие средства.

V/1.- JJ/ВБ

**ДРАГИ АРСОВ:** (продолжение)

Не  само дали тие средства се толку колку што излегле број на патници од нашата земја, туку требаше Владата овде да ни даде и каде се потрошени на ваков начин остварените средства. Од тие причини мислам дека е должна Владата да го даде тој одговор и затоа од една ваква вистина, која вистина се крие овде јас мислам дека никој не треба да биде навреден, ниту пак јас чувствувам потреба од некакво извинување затоа што го барам да го каже Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Трајан Мицевски.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Дами и господа пратеници, јас немав, намера да дискутирам,затоа што бев убеден во одлуката на ЗПК дека ова ќе мора да си помине онака како што прабните луѓе одлучиле, а исто така истите .учествувале во таа Комисија, а после го извртоперуваат своето мислење како морално така и материјално. Ако се спомнат тука порано изнесените ставови, да ги земеме стенограмите ќе видиме дека и .тогаш јас од оваа говорница зборував дека 3/4 од македонскиот народ беа обесправени а една четвртина беше привилегована, само оние што минуваат на границата со Србија. И тогаш се ѕ велеше дека тие имаат свои роднини, одење доаѓање, а како да према Грција, Бугарија и Албанија немаат граѓаните свои роднини и не треба таму одење и идење. Јас дури тогаш предлагав Законот да не се донесе за плаќање по 30 марки затоа што беа многу такаречи една плата, и ако некој мораше да појде ги теравме граѓаните да си ја дадат платат а и сега е дури скоро цела плата, 30 марки една половина плата, оти некаде и денес

V/2.-

земаат по 50-60 марки и ќе мора тие да ги даде на црната берза, и наместо некаде да придонесеме а вака на црната берза ги тераме граѓаните и ги осиромашуваме. Затоа и тогаш бев против тој закон и сега исто така ќе гласам да се укине затоа што направивме една голема затворена политичка ситуација во земјата и тоа на една врата, а сите други ги затворивме. Се зборуваше за материјалната корист. Јас дури сега разбрав дека се добиле само 4.800.000 марки. Дали не е срамота за 4,8 милиони марки ние да го држиме нашиот народ политички затворен и врзан политички за 4.500.000 марки каде што тие можеа да се донесат многу, многу повеќе од друго место.

Ја сметам дека арно почна расправата по Законот за тоа законот да се укине или не и по тоа се образложи доста од тоа што се добива од политички аспект ако се укине или не се укине законот а што се добива со амандманот. А овде баш ја наметнаа дискусијата за продлабочување на меѓупартиски обвинувања, како само тие да ја увиделе материјалната страна, да се збогати Македонија со 4.800.000, а другите како да сметаат дека тоа е она осиромашување односно збогатување. Ако е тоа така ние како пратеници се секираме за моралниот и материјалниот однос .на нашата Република, ќе треба повеќе да гледаме кој кога останува, кој кога иде, кој кога колку дневници зел повеќе, кој колку пати по потреба и без потреба спиел тука во Скопје, а не си оди дома, не води комисија не присуствувал на таа Комисија или не е член на таа Комисија само одат да кренат во Комисијата ѓоа имаат некои работи и остани тука на спиење. Дали тоа не е материјално оштетување на Буџетот.

V/3.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам тоа нема ништо врска со ова што е на дневен ред.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Тоа што велиме само 30 ја само за тоа ќе се држам ако не се наметнеше таква дискусија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа нема врска со Законот но и ти го наметнуваш.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

И сега се смета дека требало некој да се извинел па што ја кажал вистината. Ами поарно ќе кажеше колегата пратеник целото општество и стопанство е украдено, па никој ништо не рече, цела ; држава, па сега оти ја кажал вистината за царината,тоа било невистина Од сега натаму да не дискутираме, нападни го, туку да се држиме на Законот дали треба да биде или не треба да биде.

**ФАИК АБДИ:**

Само процедурално сакам да кажам нешто. Се извинувам на сите овде, колеги пратеници, на господата новинари и на јавноста на Македонија. Јас кога зборував кажав еден збор што мислам дека не беше добро разбрано и сега сакам да го објаснам што значи. Тоа е странски збор, турски "гурунда бени". "Гурунда бени" во буквална смисла значи гледајте ме мене. Ве молам сакам да објаснам. Тоа значи гледајте ме мене или логички гледајте ме мене јас сум за вас, а вие не сте.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Анастасовски се јавува.

V/4.-

Само ве молам држете се за законот.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Ќе се држам, но не можам да заборавам. Кога влегував внатре, влегував весел, и мислев дека овие луѓе ќе сфатат дека не треба да се политизираат за работа која требаше да се сврши. Меѓутоа гледам, од излагањето, да ми простат претходните, овие, пратеници од Владата, така од Владата, се однесуваат така како нивна да е државата. Но треба да сфатите, не е ваша државата. Вие немате право

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не е ни ваша и немате право таа е на сите нас.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Тоа го велам затоа што ме боли, затоа што вас ви е одземено одамна тоа право. Одамна!

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немојте така, немојте.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Зашто се лутите господа. Зашто се лутите господа..

**СТОЈАН АНДОВ:**

На никого не му е одземено правото. Сите се по устав и закон овде. И никој на никого не му одзел право.

**МИТКО АНАТАСОВСКИ:**

Но кога ми ја вреѓа партијата ме вреѓа лично и мене. Кога ме вреѓа мене го вреѓа и мојот народ. Зашто се лутите? Вие сте и ние тие (не се смеј Коле).

V/5.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, па вака не можеме да продолжиме (смеење во салата).

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Јас требаше некни,два дена да седам. Два дена не ќе можевте да ми ја изнесете столицата. Ме излага Бранко Црвенковски и не ми го даде тоа што треба.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам немојте.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Ние сме тие, Коле не беше тука ти, (се свртува кон средината на салата, ти си млада, и ќе растеш ние бевме тука. Констатираме дека се пљачка. (во салата настанува врева а претседателот со ѕвоното се обидува да воведе смирување). Народот плаче,. Опљачкана е цела држава (некој од пратеници во салата дофрлува и пратеникот одговара:) ти да ќутиш.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам од тоа нема никаква потреба и нема никаква врска.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

И јас се чудам сега, ние добротворците ќе плачеме за 4,5 милиони марки,колку беа таму, а за 4,5 милијарди ќе ги прикрие Има ли логика бре луѓе.

V/6.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам зборувајте зашто вака никаде нема да стигнеме. Ние сега сме, ќе ви дадам збор по ред како е овде, ние сега сме откако го завршивме општиот претрес по Законот, ја завршивме распра- вата по амандманите и дојдовме по текстот на Законот.

Сега надвор од амандманите дали има уште некој по текстот на Законот нешто да каже. Инаку сега овде нека зборува само по текстот на Законот, туку нема врска ни со закон, па се почна за десетте работи. Па добро, Собрание сме, ве молам. Сепак сме Собрание. Ве молам не можам да ја прекинам дискусијата, расправата деловнички мора да трае зашто луѓе се јавуваат за збор. Затоа апелирам, луѓето се јавуваат за збор не заради тоа што не се согласуваат со тоа што некој претходно рекол, тоа е право ,на секој да каже дали се согласува или не, а може тоа да го изрази и со гласањето, ќе гласа после поинаку од другиот итн. Овде да се излезе и да се каже ако има нешто да каже по текстот на Законот.

За збор се јави Панче Минов.

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници за збор се јавив едноставно за да образложам дека се согласувам со укинувањето на овој закон. Оваа моја определба ја изразив пред два-три месеци заедно со мојата пратеничка група на предлогот даден од колегата Тодор Петров. Сметам дека заради самата привременост на овој закон, заради определбата дека со него фактички се ограничува слобода:та на движење преку граница, со него дека фактички се придонесува во голем број случаи спрема граѓаните доведување во нерамноправна положба затоа што различни се поводите и причините на граѓаните за одење преку граница, а во Законот не се дефинира различноста на случаите и потребите за одење преку граница, визави тоа и обврската за плаќање од 30 марки сметам,

V/7.-

непотценувајќи ја потребата на оваа обврска за плаќање 30 марки како извор на девизните резерви на Републиката, меѓутоа » во исто време убеден дека постојат други форми и начини да се обезбеди по однос на економските и трговски односи со другите земји преку формата на определено процентуално плаќање при тие деловни економски односи, така што ефектот во однос на девизните резерви, повторно се посегне да не биде непосредно на товар на слободата на движењето на граѓаните, за да не има контраефекти врз отвореноста на /нашата Република, посебно сега во периодот на нејзиното меѓународно пошироко признавање. Тоа е моето образложение на неприфаќањето на законот. Ќе потенцирам пред се заради неговата фактичност во укинувањето на постојниот закон, а истиот предложен од предлагачот, има доста правни фалинки кои што се анулираат кога ќе се земе постигнувањето на целта укинувањето на постојниот закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Гоце Андоновски.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Дами итоспода јас ќе бидам сосема краток. Прво, јас овој Парламент го сфаќам како полигон ;и дом каде што се носат позитивни законски прописи и каде на основа тие законски прописи го градиме вкупниот економски, политички и правен систем на Република Македонија. Ако е тоа така се поставува прашање, независно кој од која партија е и како настапува. Мислам дека овдека во прашање е дали правата загарантирани со Уставот на граѓаните, ние со овој"закон не ги негираме. Мислам дека одговорот е да. Еве зашто, ако еден граѓанин има пари,девизи да оди, а другиот да нема тоа е навистина противуставно решение, од она за што ние се залагаме. Ефектите од овој девизен прилив, ако веќе Владата е во

V/8.-

состојба да направи девизен прилив, има други можности и други законски прописи што треба да ги донесе во однос за обезбедување девизен прилив.

И она што јас пред малку предложив, пред овој Парламент, да расправаме за откупот на одредени земјоделски производи. Тие ќе ни носат девизи, а не девизи на овој начин.

И на крај, третата работа, мислам дека со ова легитимитетот како Република Македонија, ако бараме ние реверас од граѓаните да покажуваат на граница, го губиме легитимитетот како Македонија. И се залагам за овој закон да не дискутираме повеќе, овој закон да го усвоиме каков што е предложен од господинот Пановски

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Почитувани пратеници, бидејќи се спомна што е вистина а што невистина. Вистина е во следното, граѓанинот;кога патува во странство, валутната размена се врши во банка, царината, има задача да изврши контрола, дали е извршена размена или не. Тоа1е правата ч вистина.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, како прво, господинот Андоновски по грешка рече дека јас сум официјален предлагач. Јас не сум официјален предлагач на законот, туку предлагач е Пратеничката група "Илинден - слободни демократи" е официјален предлагач на овој закон.

Јас ќе кажам само неколку работи. Немавме за цел да предизвикаме ваква расправа, жолчна во врска со овој закон и лично не верував дека предлагањето на овој закон до оваа мерка ќе ги исполитизира страстите овде во Собраниево. Само сакам пред да се гласа да го потсетам Собранието на една изјава од актуелниот премиер Бранко Црвенковски, дадена овде на говорницава, која што сметам ќе биде во прилог сите овде да се изјасните во прилог на овој закон.

V/9.-

Пред една ипол година вечерта кога од Социјалдемократскиот сојуз имаше поднесено интерпелација за менување на покојниот министер Јордан Мијалков, за внатрешни работи, господинот Црвенковски при образлагањето кажа една работа во смисла - суверена Македонија да, но само демократска. Таа изјава јас ја поддржувам, не само декларативно туку принципиелно и практично. И би повикал на пратеничката група чиј што претседател е премиерот и тие да ја почитуваат оваа негова изјава, од причини што мислам доколку се изгласа овој предложен закон ќе докажеме дека навистина сакаме Македонија да биде демократска држава.

Господинот Ефтим Манев на многу еуквентен начин ни ја образложи противуставноста на актуелниот, постоечкиот закон. Како може; од причини кога оваа Република не воспоставила механизми на девизен пазар да бараме до граѓаните да плаќаат по 30 марки при излез од земјата. Значи ние свесно и намерно како држава го легализираме црниот девизен пазар. Ги тераме граѓаните да одат на Бит пазар и да купуваат мрки од шверцерите. И второ, што постоечкиот закон, граѓаните на Република Македонија, ние ги поделивме на привилегирани и непривилегирани граѓани. Ние што имаат роднини во Србија може слободно да си ги посетуваат а тие што имаат во Бугарија, Грција и Албанија мораат да плаќаат по 30 марки. Дали е тоа наш придонес како Собрание кон изградбата на Македонија како демократска држава.

Би ги потсетил пратениците на Социјалдемократскиот сојуз дека и нивниот пратеник Страшо Милковски поднесе амандман со кој што бара фактички да се изедначат граѓаните на Македонија.

VI/1 ПЈ/СЛ

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ**:(продолжение)

Јас мислам дека нема привелигирани и непривелигрaни граѓани на оваа држава. Значи, доколку сакаме односно ја сакаме Македонија како демократска држава, сметам дека треба сите да го изгласаме предложениот закон. Исто така, би кажал и неколку збора во врска со ефектите"од овој закон. Точно е дека за овие 6-7 месеци за колку што важи законот од 25 април 1992 година се собрани околу 5 милиони западногермански марки. Но, тврдам дека доколку во нашата држава се води една вистинска економска политика во која што ќе се спречи неконтролираниот извоз на девизи, на сите тие приватници кои што увезуваат се и сешто без никаква економска логика, се увезуваат работи кои што нашата држава ги произведува. Се увезува секаква можна техничка роба; буквално се и сешто се увезува, немаме никаков баланс на увозот и на извозот. Секоја држава си прави таков баланс .за да се знае тој баланс колку Пари се одлеваат за, увоз, колку пари девизи се одлеваат Односно се добиваат при извоз.

Без рамномерност на увозот и извозот не може ни една држава да опстане при ваков некотролиран и огромен увоз тврдам дека ние оваа држава ја носиме во пропаст. Тоа е вистинската причина, а не некои 5 милиони марки кои што сме ги добиле за овие 8 месеци. Тука, се разбира, не може да се заобиколи колку и да се сака ни политичкиот момент од овој закон, зашто кога се донесе овој закон на 25 април 1992 година , односно 26 април ние сеуште од ООН немаше резолуција против т.н. Сојузна Република Југославија. Кога се донесоа тие мерки и резолуции од 00Н, сметам дека и политичкиот момент. на овој актуелен закон е многу значаен и можам слободно да кажам дека при постоење на ваков закон, ние создаваме забуна кај сите тие држави од страна што гледаат благонаклоно кон нас и кои што сакаат да не признаат. За злоупотребата на царинската

служба многу е кажано јас не би сакал тука да повторувам доволно е само да се прочитаат весниците и соопштенијата на Министерството за внатрешни работи на Македонија, па многу работи ќе се разјаснат, а и има кажувања дури од пратеници на Социјалдемократскиот сојуз, интимно, мислам овде меѓу нас кои што навистина кажуваат за страшни малверзации што се случуваат во тие царинарници.

на крајот врз основа на членовите 125 и 127 од Деловникот за работа на Собраниево, постојниот Деловник барам јавното 1 гласање да биде поименично

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас сакам навистина принципиелно да укажам на некои работи што овде се случуваат во расправата и што мислам дека не треба да се користат како аргументи при 'Парламентарната расправа. Преска овде еден пратеник изнесе мислење дека оној кој што сака и понатаму да остане слеп, нека гласа против предложениот закон. Сега се изнесува аргумент. Ако сакате демократска држава, ќе гласате за законот, а ако не сакате демократска ќе гласате против законот. Мислам дека тоа е своевиден начин на уцена и на јавно предизвикување дека оние кои мислат поинаку од соодветните предлагачи, се против демократска држава, или евентуално ако гласаат против, се слепи. Мислам со тоа дека е навистина непотребно на една парламентарна говорница да се употребуваат такви методи на воспоставување дијалог помеѓу оние кои мислат соодветно или несоодветно по законот.

Јас би сакал да прецизирам една работа, овде цело £ време се напаѓа по законот, владината коалиција, меѓутоа, да се разбереме по секоја точка во Парламентот се воспоставува некаква коалиција, и нема потреба од никаков страв од оние кои што цело време се плашат за законот дали ќе помине или не, затоа што четири пратенички групи веќе се изјаснија и имаат воспоставено по овој закон коалиција. Тоа се ПДП, ВМРО-ДПМНЕ,

Реформски сили - Либерална "партија Илинден - Слободни демократи, јавно се изјаснија дека ќе гласаат за законот. Според тоа, по овој закон има поинаква коалиција, да не ги мешате работите.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас само накратко, ќе зборувам во својство на пратеник што е избран од народот, а мислам дека сите се избрани од народот. Досега слушнавме дискусии врз основа на партиска припадност и некои други работи. Како избрани од народот треба да го кажеме мислењето од народот, а сите го знаеме. Народот е за укинување на овој закон и тоа треба јавно да го кажеме.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Се извинувам ,што се јавувам по втор пат, а се јавив само од причини што меѓувреме во расправата често, се манипулираше со ставот дека овој закон е противуставен и мислам дека беше должност, на претседателот на ЗПК или некои од другите членови да станат и да кажат дека со такви аргументи не би требало да се манипулира, поготово не треба да манипулираат пратениците без разлика дали законот ни мириса на противуставен, против правата, слободите на граѓаните итн. Оваа Република има надлежни институции, а тоа е Уставниот суд, тој прогласува противуставност и барем пратениците треба тоа нужно да го почитуваат. Јас еве ќе ве. упатам на "Службен весник на Република Македонија" број 81 од 28.XII.1992 година , каде што е објавено решението на Уставниот суд на Република Македонија и каде што вели дека не се поведува постапка за оценување уставност на законот за воведување обврска за плаќање при патување во странство и понатаму следи образложение.

Според тоа, тоа е меродавно дали е некој пропис уставен или не е уставен. Тоа треба да биде нужно меродавно без разлика на вкусот на некого. Мислам дека од оваа говорница тоа треба да се исправи. Додека ги почитувам сите искажани ставови тоа е во прилог и на едното и на другото решение, но треба да се дискутира со аргументи.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Излегов предизвикан, пред« се, заради тоа што практич беше укажано дека постојат групиран>а околу ова прашање и пред се заради легитимноста на присуството на ВМРО-ДП, како пратеник. Би-. ' дејќи беа кажани поединечно, кои партии зошто се,{пред се < заради т<

Но, кога веќе излегов исклучиво предизвикан од тој мотив , да кажам нешто и за ова прашање за кое што уште пред една година се искажав и мислам дека бев прв кој што реагирав на непримерноста од постојниот закон. Аргументите кои што беа посочени и од политички карактер, но и од економски се толку јаки што просто е несфатливо како може некој воопшто да се противи на донесување на новиот закон, кој што е видоизменет на постојниот. Сметам дека предложениот закон треба да се прифати, иако лично мислам дека на Парламентот му е даден мал избор, со оглед на конфронтацијата околу ова прашање било можно да се изнајде и компромислно решение, ако треба да се прифатат некои аргументи спротивни на оние за кои што лично дека можат да бидат прифатливи, а се од економска природа, сето тоа практично укажува на политичката одговорност во третирањето. на ова^прашање. Значи, воопшто нема економска позадина зашто доколку таква мотивација би постоела, тогаш би се ишло на некое компромисно решение, самиот тврд став да се биде или да не се биде за овој закон покажува дека се работи за политичка манипулација, а за упорноста навистина не можам да сфатам на оние кои што се противат на донесување на овој закон

VI/5

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитувани пратеници, јас сакам да го дополнам мислењето односно дискусијата на господинот Наќе Стојановски кој рече да го погледаме "Службениот весник на Република Македонија" во врска со уставноста, точно е дека е надлежен Уставниот суд и навистина не е поведена постапка за оценување на уставноста на законот за воведување на обврска за плаќање за патување во странство

Меѓутоа, ќе потсетам на издвоеното мислење на претседателот на Уставниот суд господинот Јордан Арсов кој не е на таа линија и кој мисли дека не е уставно. А, инаку право е на секој пратеник врз основа на своите политички согледувања и врз основа на своите размислувања за демократијата (да повика во Парламентот и да се гласа или да не се гласа по предлогот.

**ПЕТРЕ ТРАЈКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, за непопуларноста на овој закон кај народот или просто кај нашите избирачи, меѓутоа, сите го имаме осетено и кај сите е добро осознаено. Само да ви насочам еден пример што се случи со продолжувањето на овој закон после ноември. Туристичките агенции заедно со транспортните претпријатија за да си најдат работа организираат патување во Турција без плаќање на 30 марки. Го најдоа лесен начинот патување преку Србија. Тоа е многу подалеку и повеќе време. Што се случи? Еден од една туристичка агенција од Прилеп, организиран таков автобус, такво патување оди"преку Србија и со препад , со оружје на туристифе, сите 50 патници им се одземени 50 илјади марки. Просек по 1000 марки на еден патник. А, ние знаеме 1000 марки во овие услови дека се малку една година да се заштедат, па да се купат таму на црниот пазар. Луѓето изгубија по 1000 марки за да би ги избегнале тие 30 марки за излез

од оваа држава. Како што кажа колегата тука овој закон кај народот не е популарен и ние треба да го слушнеме гласот на народот и да гласаме како што нашите избирачи ќе не задолжат.

**БЕЌИР ЖУТА:**

По се изгледа се створи едно правило на однесување во овој Парламент, размислувањата во дуели еден со друг наеднаш да | кроиме однос и по пат на амандмани, независно од процедурата собра- § ниска на која треба да се спроведува доволно е да се договорат двајца и да поднесуваат амандмани и целиот Парламент да заведуваат со расправи и тоа без да биде предмет на расправа предлогот на законот  на дневен ред од една страна, или пак што би било .'во најмала рака ред да се побараат извештаи за спроведувањето на тој закон во изминатиот период за ефектите и проблемите во неговото спроведување па следствено на тоа Владата да излегува со предлози дали во еден, во друг или во трет правец би биле насочени. Мислам дека тоа е патот и не треба да изгубиме време и да организираме нерационални расправи во Собранието. Овој пат кога се тргнало по овој повод, мислам дека може и секому да му падне напамет законот за данокот на промет не е во ред, не им одговара на луѓето треба да плаќаат данок на промет, да се договориме да го симнеме и да не се плаќаат даноци. Некому утре ќе му падне друга работа напамет. Царините не треба да се уплатуваат затоа што можеме и без царини да живееме и сл. "Ве  молам каде ќе биде тоа и каде ќе не води. Но, сметам дека е ред да се води сметка за уставната поделба на власта, законодавната и извршната, и судската и во дадениот момент јас можам да оценам дека постои одреден интерес кај пратениците да се види што е тоа со тој закон, да се видат проблемите кои се присутни со него и слично, но тој е најарниот пат што

треба да го прават да побараат извештаи за неговата примена во изминатиот период, проблемите околу неговата примена, па Владата да излегува со таков вид извештаи и веројатно Владата правејќи го тој извештај, може и самата да дојде до одредени сознанија во кој правец треба и ако треба да интервенира и слично, но, не на овој начин како што се организираат работите.

Второ, мислам дека неколку пати сведок сум на некој начин во овој Парламент, а треба да имаме присталици за мислењето мое што го изнесувам и се залагам дека треба така да биде независно дали е во ред тоа или не, да се повикуваме и да ја присвоиме позиција на другите органи кои се надлежни за одредена проблематика. Не е прв пат да се повикува и да се поставуваме во улога на Уставниот суд, да прогласуваме и £а изрекуваме тешки зборови дека се неуставни  одредени одредби и сл. Ако се неуставни ако некој се сомнева, според нашиот Устав може да покрене , иницијатива пред Уставниот суд на Македонија кој е надлежен да даде дефинитивен збор, но мислам дека не треба 'со"такви аргументи да. се і послужиме за да придобиеме присталици за произнесување во правец на размислувањето.

Трето, мислам дека овој Парламент треба да размислува и во едно подрачје а тоа е подрачјето какви се зборови употребуваме на оваа говорница, кој како може да ги интерпретира сите тие зборови што се изрекуваат на оваа говорница, какви последици, меѓутоа, да се прогласи дека цела една служба ја злоупотребува службената должност, мислам дека одиме многу далеку. Правиме лоша услуга за себе и за стопанството во Републиката, а не за некој друг.

На крајот сметам дека во врска со амандманот на ЗПК кој не е ни презентиран пред Владата за став, но јас сметам дека тоа ќе биде ставот

на Владата и е став на Владата дека во една нормална процедура треба да се бараат извештаи, прво, за ефектите и проблемите околу примената на тој закон и тоа врз база на тие оценки да се прави операционализација дали има потреба да опстојува и дали или нема потреба. Ако има потреба да опстојува какви интервенции врз него треба да се вршат за да се елиминира доколку се манифестирани определени потреби, а не поради сознанието дека индивидуално мислиме дека има одредени проблеми и автоматски законот треба да престанува-

VII/1 НН/СМ

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас сакам да укажам на една деловничка состојба.

Господинот Жута кажа дека Владата не го гледала амандманот и нема став, а тој се надева дека ќе биде ставот што тие овде го изнесуваат. Ве  молам, станува збор за следното. Владата и во текот на расправата по Законот може да бара прекин на расправата и како Влада да заземе ставот по амандманот/ тоа е став на Владата. Владата има право да соопшти став,да заземе став но ако овде е соопштен ставот, а го соопшти господинот Хајредини тогаш е еден од елементите врз' основа на кој секој пратеник си го изградува мислењето и во гласањето се определува. Чисто од деловнички аспект ги објаснувам работите, а не да одговарам на овој на овој или оној.

(Господинот Ристо Јованов бара гласање).

Не можам да го дадам на гласање заради тоа што расправата не е завршена. .

Има збор господинот Драги Арсов,.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Навистина овде господинот потпретседател Бекир Жута не ми даде одговор. Тој зборува овде дека со овој закон не се крши законитоста и уставноста. Јас не сакам да ве потсетувам господине Бекир дека со Законот за парична единица на Република Македонија, еве го имам к£ј мене стои дека единствено законско средство за плаќање на територијата на Република Македонија е денарот. Дали сега вие сакате појаки аргументи од ова ако ние веќе имаме единствено платежно средства во Македонија, а тоа е денарот да дозволиме бимонетаризам односно да дозволиме на мала врата да се легализира и друга монета како платежно средство. Очигледно овде тоа се прави. Зошто сега овде не сакате да ја прифатите реалноста,

вистината дека тоа практично се прави и на тој начин, тука пак ќе го потсетам господинот Никола Поповски, овде не убедува за некакво демократско друштво односно ако не го прифатиме овој закон на Владата тогаш ние нема да бидеме демократи, а ако овој закон навистина нешто ни нуди што ги крши демократските принципи. А тоа дозволува нешто што навистина е незаконски и ги принудува граѓаните да се судираат со тие незаконитости во нашата Република. Јас мислам дека на прашањата што овдека ги поставивме Владата е должна да даде одговор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас нешто би кажал во врска со овие искажувања.

Почитувани пратеници, дами и господо, сегашниот текст на Законот, после амандманите усвоени и не усвоени, прифатени од предлагачот или не прифатени, по кои сега треба да се произнесеме фактички доведува до состојба на 31 јануари да престане да важи' обврската на граѓаните да уплаќаат по 30 марки кога іизлегуваат од Македонија освен во СР Југославија. Според тоа оваа мерка е упатена на нејзиното завршување на 31 јануари, а дотогаш имаме уште 10 дена, плус 8 дена од денот на објавувањето фактички два дена од Законот кога ќе почне да делува таа ќе биде и применета. Тој закон на тоа се однесува. Сега, што е суштината на Законот? Каков закон заменуваме ние со овој закон Тој закон е донесен на 26 април 1992 година заедно во пакетот на Антиинфлационата програма и овој закон беше означен како платно- билансна мерка, мерка за заштита на платниот биланс на Републиката. Беше речено дека тие мерки, најголем дел од нив ќе се спроведуваат 6 месеци. Овој закон не беше орочен во законот, туку во образложени- ето, експозето во кое беше кажано тогаш. Според тоа формално Законот може да продолжи, но образложението важеше за 6-те месеци. Сега, сигурно е дека платно - билансните потреби

да се воведуваат ограничувања не престанал. Постојат тие потреби да се воведуваат ограничуван па затоа кога овде се зборува за слободите и правата на граѓаните бидете сигурни дека слободите и правата на граѓаните во еден свој дел ќе зависат од економската моќ и состојби кои ќе бидат овде во Републиката. Па, тие слободи и права се однесуваат само на тоа да не може да се биде граѓанин на кој ќе се лишува правото или ќе се дава правото, или не дава право, а инаку како состојба во земјата, зависат билансно. Затоа јас мислам дека ние сега формално немаме зошто да не гласаме за Законот што овде е предложен заради тоа што во образложението за платформата што ја имавме. тогаш се рече дека за 6 месеци треба да важи. Но сигурно дека материјално состојбата е таква да има потреба од донесување на платно -билансни ограничувања. Ние сега ќе станеме членка на 'меѓународниот монетарен фонд. Меѓународниот монетарен фонд во своите акти има сосема сосема добро забележано кои прав  членките ги имаат, меѓу правата .што ги имаат и тоа се правата да( се воведуваат платно - билансни ограничувања кога треба да се штити платниот и девизниот биланс на Републиката. Според тоа, тоа се универзални права на членките во дадени услови да можат да ги спроведуваат тие мерки. Но, оваа мерка не единствена можна мерка за платно - билансно ограничување. Можат разни мерки да бидат. Оваа мерка по малку се меша меѓу платно - билансно ограничување и како да има облик на данок. Тој данок го покренува прашањето дали имаме основа во даночниот систем за негово воведување, затоа што ова се уплаќа и не се враќа. Според тоа, јас мислам дека формално причините бидејќи се такви да тој закон требало да важи 6 месеци, а ние сеуште го применуваме, формално причините престанале. Суштински причините фактички ја задолжуваат Владата целокупниот проблем на девизниот и платниот

биланс да го презентира во Собранието и да предложи лепеза гледишта со кои она мисли дека треба платниот биланс да се штити, какви такси и други мерки ќе бидат спроведени. А овој закон, мислам дека нема ништо да изгубиме ние ако сега го донесеме вака како што е предложен, а тогаш да дојде Владата со извештајот за вкупните ефекти на овој закон, но и со предлози какви други мерки предлага, дали овој закон ќе биде вака или ќе биде видоизменет, или незнам каков ќе биде итн., сето тоа е можно. Во секој случај сегашната намера овој закон да престане со дејство на 31.1. ниту ќе не ослободи од тешката платно - биланса ситуација, ниту ќе не ослободи од обврската на Владата да ја престави целокупната платно-билансна ситуација и предлозите за нејзино решавање кои овде ќе ги изнесат. Според тоа, ниту пак ако престане да важи ќе дојде до упропастување на платниот биланс, затоа што Владата мора да дојде што побрзо со таква платформа. Затоа мислам дека не е неопходно по повод на овој закон толку многу политички заострувања, а утре ќе се најдеме сите заедно пред проблемот како ќе се поставиме према проблемите кои ни ги наметнува Неурамнотежениот платен биланс, и кои мерки треба да се преземат. Тогаш ќе биде многу тешко некој овде да каже дека народот е против. Народот е против секогаш кога им некои ограничувања, кога има некои давачки и нормално е, но треба да се има добро образложение и добра аргументација и добар доказ за таа работа и мора народот да си го прифати. Затоа што ние било какви мерки да преземиме, ако народот не ги прифати тешко можат да бидат спроведливи. Но мислам дека нашата расправа претстои по ова прашање. За да она може да биде одржана треба да се дојде со аргументирана аргументација. Јас мислам дека платниот биланс веќе е готов во Министерството, па и девизниот биланс кога ќе го направите, па од Владата излезете, дојдете овде за заштита на платниот биланс кои ограничувања се потребни да се внесат, кои ќе бидат такси,

давачки итн., тоа секој од нив треба да биде добро образложено и објаснето. Затоа не гледам потреба толку многу сега расправии по овој закон, иако лошо е ако ние создаваме атмосфера дека ќе можеме да живееме без платно - билансни ограничувања, или платно - билансните ограничувања се уставна категорија, или е тоа против народот итн. Тоа не е точно. Ние ќе имаме платно - билансни ограничува. Нема декларација која бара да нема платно - билансни ограничувања, не постои таква декларација. Тоа се права кои се даваат од страна на меѓународниот монетарен фонд на секоја членка и исто така таквите платно - билансни ограничувања не можат да не ги погодат и интересите на граѓаните. За тоа треба да бидеме свесни и затоа јас предлагам натаму да не одиме во расправа по овој закон. Доста е текстот каков е, па ако дозволите да го ставиме на изјаснување.

За збор се јави господинот Горѓи Котевски.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Не излегов со цел, како што рекоа некои да критикувам и да бидам критизер без основа. Меѓутоа, ова добро образложение што го даде господинот Сто јан Андов і. Требаше да го даде господинот потпретседател, затоа јас често пати дискутирам и укажувам дека не треба ние на последиците секогаш овде во Парламентот да се осврнуваме, туку на причините. Зошто е тоа така? Затоа што секогаш по оној канален ред по кој треба да работиме не работиме. Ако ние имавме целосна информација во времетраењето на овој закон колку средства се земени, што го бараат други луѓе, каде се потрошени, наменски итн. се ние ќе имавме пред нас и сосема поинакви дискусии ќе имавме, немаше никој овде да празни експлозив. Меѓутоа, што се случува? Еве мојот пример. Јас имам барем неколку иницијативи до Владата, поднесени и до ден денес апсолутно не се

изнесени. Земете ги девизните штедачи во Република Македонија...

(Реагирање на пратениците).

Ама точно е, токму и со Законот, затоа сакав да укажам. И полно други иницијативи кои беа, на кои Владата треба да одговори како извршна власт во Република Македонија за да на нас како пратеници ни бидат јасни работите и овде на говорница да излеземе материјалната расправа да ја водиме како што треба. Претседателот тоа што го образложи' требаше претходно заменик претседателот во Владата. И тука е сега онаа помешаност во работите за која ние секогаш дискутиравме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ви се молам, ако има забелешки зошто јас сум го изнел ова, јас го изнесов како пратеник, бидејќи имам еднакви права како и вие, а го изнесов да помогнам за да не се изгубиме, затоа што ние треба да ја завршиме расправата.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Господа пратеници, се стекнува впечаток дека степенот на аргументираноста се мери со октавата за гласот со кој се настапува овде. Ништо ново не е речено од она што јас по повод амандманот на Законодавно- правната комисија го кажав. Тогаш беше расправа по амандманот/ по суштината на амандманот целата оваа расправа е околу амандманот а не околу предлогот за измена на законот, затоа што предлогот за измена на законот е нешто сосема друго. Да не се плаќа 30 марки на царина, туку во банки, затоа што има малверзации. По повод тој предлог за изменуваше на законот се дава амандман на Законодавно - правната комисија. По тој амандман е расправата и по тој амандман јас

реков дека Владата нема писмено мислење. Затоа и излегов, инаку немаше да излегувам. Немаше писмено мислење по повод амандманот на Законодавно - правната комисија и реков дека Влада не го прифаќа со образложение дека не е целосна писмената информација по овој закон, текстот е даден по друг амандман, таму каде што се . наведува само износот колку девизи се остварени, па да се повикуваме на тоа дека не е доволно. Најавив дека Владата по повод примената на овој закон наскоро, токму господине претседателе, по повод информирањето на Парламентот за макроекономската политика за 1993година, чиј составен дел е и платно - билансната политика ќе излезе со информација за сите аспекти на примената на овој закон. Реков дека Владата ќе предложи соодветни мерки по повод овој закон. Ова го повторив малку со, повисок тон за да се види дека ништо не било не речено што е суштинско за одлучување по повод на овој закон, а ка,ко ќе гласа Парламентот таа е ваша работа

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Не бара).

Бидејќи никој друг не ,бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (60 пратеници).

Дали има некој против? (9 пратеника).

Дали некој се воздржува од гласање? (10 пратеника).

Според тоа констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на Законот за воведување и обврска за плаќање при патување во странство.

Предлагам пауза за ручек, а да продолжиме со работа во 14,30 часот.

(Пауза од 13,15 часот).

(По паузата седницата започна со работа во 15,40 часот]

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Минуваме на **точка 17** - Предлог за донесување на закон за начинот и постапката на усогласувањето на работењето на претпријатијата и другите правни лица што вршат стопанска дејност на територијата на Република Македонија, а имаат седиште на територијата на други републики на поранешна СФРЈ, со „Предлог,на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за стопанство и Комисијата за општествено - политички систем ви се доставени односно поделени.

Законодавно - правната комисија не го гледала Законот.

Дали во меѓувреме, Законодавно - правната комисија го погледа овој закон.

Молам, ако некој знае нека каже за да знам.

**НАКЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Претседателот не е тука но Законодавно - правната комисија го гледаше Законот на прекинатата седница и има извештај од Законодавно - правната комисија. Зошто не е поделен на пратениците не ми е познато.

(Пратениците напомнуваат дека извештајот на Комисијата им е поделен) а, еве велат дека е поделен, меѓутоа Претседателството го нема.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро во ред е. Значи има извештај.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор?

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, на сите ни е познато дека со овој Предлог за донесуваше на закон за начинот и постапката на усогласување на работењето на претпријатијата и другите правни лица што вршат стопанска дејност на територијата на Република Македонија,а имаат седиште на територија на другите републики на поранешна СФРЈ, со Предлог на закон, се покренува една многу суптилна материја. Се покренува проблемот на реципроцитет, проблемот на сукцесија, проблемот од областа на работните односи, имотно - правните односи, се покренува прашањето на уставноста, на крајно нарушените односи што произлегоа од ненавремено донесување на овој закон како што е случајот и со Борово и така натаму и така натаму.

Јас лично сметам/дека сега треба да се постави прашање тоа до предлагачот какви решенија ќе се најдат за сите овие проблеми и тешкотии што настанаа во меѓувреме.

Уште еднаш сакам овде да потенцирам дека ние како пратеничка група на ВМРО досега уште со влегувањето во овој Парламент укажувавме на потребата Република Македонија како суверена и независна држава да ги преземе сите надлежности и овластувања од Федерацијата. Меѓутоа, незнам од кои причини, тоа треба да се праша левиот блок кој што ја контролира власта не сакаше да ја забрза постапката на тие закони со' кои што требаше Република Македонија да ја обезбеди целокупната надлежност и сувереност над сите оние свои овластувања на територијата на Република Македонија.;Од тие причини доцнеше и овој закон односно решавање на проблемите што требаше да се регулираат со овој закон.

Од тие причини сега се поставува прашањето а јас сега ова прашање го упатувам до министерот за правосудство господинот Туше Гошев, дали со овој закон даден е одговорот дали Република Македонија располага со имотот што се наоѓа на наша територија, а се раководи од центри надвор од Република Македонија или не? Ако располага, тогаш се поставува прашањето на кој начин се располага со тој имот. Ако се располага со уредби на Владата што Уставниот суд со одлука ги укинува како неуставни, тогаш треба да кажеме дека со овој закон престанува да важат уредбите за забрана на располагањето на имотот и тоа не само оваа уредба што ја укина Уставниот суд туку и една друга уредба која што ја донесе претходно Владата, а тоа е уредбата за привремена забрана на располагање со недвижности односно подвижни ствари и права на територијата на Република Македонија, а таа уредба е објавена во Службен; весник односно во посебниот Службен весник број 5/91 година што овде пратениците токму таа уредба не ја виделе и не знаат што со неа се регулира. Ипак, од едноставна причина што таа уредба е од доверлив карактер. Ние сега мораме таа уредба да ја видиме дали таа на. исти начин ги регулира прашањата како што ги регулира и оваа уредба што ја укина Уставниот суд,' па според тоа се поставува под голем знак прашање, дали таа уставна односно дали со таа уредба Владата не ги презела своите, не ги презела законските ингеренции што ги има Собранието на Република Македонија.

Ако Владата не ја укине таа уредба тогаш оваа Влада регулира некои прашања што треба да се решаваат со закон. А, како што сите знаеме ние треба да застанеме во одбрана на ова Собрание и инсистирам Собранието да биде единствената институција која ќе носи закони, а не такви права да си преземе Владата и да носи уредби со законско значење.

Од тие причини барам и предлагам одлагаше на оваа точка со цел пратениците да се запознаат со содржината од оваа уредба што е објавена во посебниот Службен весник на Република Македонија како строго двоерлив акт и откако ние ќе имаме увид на кој начин таа уред ба го решава прашањето за привремена забрана на располагање на недвижности подвижни ствари и права на територијата на Република Македонија односно оној имот што порано се управуваше од центри надвор од нашата Република тогаш ние ќе ги имаме сите можности рационално и со правите аргументи да разговараме за овој закон и да го дадеме својот придонес за попрецизно и поправилно решавање на прашањето со кој што треба да се регулираат.

Барам одговор од министерот господинот Туше Гошев.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани колеги, мислам дека разгледуваме едно многу актуелно прашање, актуелно од политички економски и од правен аспект, Има и потреба има и уставна основа за ч експортирање на ова прашање. Имено, претпријатијата и нивните делови или единици од другите делови на поранешна Југославија лоцирани во Република Македонија по нејзиното уставно обликуваше како самостојна и независна држава мора да признаеме дека останаа правно незапгтитени односно препуштени на грабеж во сите негови облици и модели. Не е доволно ние декларативно да се искажеме и да ја искажеме нашата политичка волја дека сме за правна држава и владеење на право, а во суштина истото да не владее иако измина подолг период врз оваа конкретна материја, мислам дека Владата со уредбата што ја донесе неадекватно ја разреши, а мислам дека и сега начинот на разрешувањето е неадекватен. Познато ни е дека со Уставот што го донесовме кажавме дека сопственоста е, светиња и дека неа ќе ја почитуваме и дека со адекватна

законска регулатива ќе ја штитиме. Меѓутоа, овде, во овој случај состојбите не се такви, имено сопственоста од другите делови односно сопственоста на претпријатијата од другите делови на бивши југословенски простор се препуштени битпазарски менаџмент, на препродажба и на хаос. Врз основа на тоа јас си поставувам прашање дали има и врз која сопственост ќе носиме закон. Бидејќи тие можеби се распродадени, одредени простории од тие претпријатија одредени особи ги издаваат како деловен простор, вработените се испуштени од работа и какви ли не уште трансакции се прават врз база на една имовина во која што учествувала Република Македонија.

За оваа појава за жал не знае ни СОК|нема ни увид во трансакциите што се вршени со овие претпријатија во периодот на  транзицијата. Мислам дека прво е потребно СОК да изврши увид, да изврши ревизија бидејќи тие се регистрирани кај Службата за општествено книговодство како претпријатија, а државата на Република Македонија да стави рака врз оваа сопственост, да воведе еден мора- ториум за да може да го бараат почитувањето на правилото на реципроцитет со имовината на Македонија која што е сместена во другите делови на поранешните југословенски држави.

Исто така, мора да кажеме и Владата мора да го има во вид дека овој капитал е општествен капитал. Во структурата на овој капитал има учествувано и Република Македонија. Земани се кредити од банките во Република Македонија. Вработувани се исто така луѓе од Република Македонија, а и просторот на кој што се изградувани тие претпријатија е од Република Македонија и мислам дека начинот на решавањето преку законот за надворешно - трговско работеше или законот за странските вложувања се закони кои што не можат оваа материја оптимално и правно

релевантно да ја третираат така да мислам дека во оваа фаза ние не можеме да одиме подалеку од ниво на предлог на закон што бара една подобра обработка на оваа. материја.

Сакам да кажам и тоа дека ставање на ова прашање пак да се решава со сукцесијата би го сместил во секторот на ординарна правна глупост заради тоа што е толку долго временски простор кај што точно не ќе има за што да разговараме односно тие претпријатија начисто ќе исчезнат и ќе станат своина на одредени луѓе но за жал не по законски пат, туку по законот на хаосот.

**ПЕТАР ЃОРГИЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, Комисијата за стопанство го разгледа предложениот. закон и смета дека има потреба од донесвуање1 на Законот и тоа по итна постапка од причини што оваа материја претходно имаше обид да се уреди со уредба на Владата. Таа уредба претрпе одредени измени и на крајот беше и укината, така да остана доста празен простор, а последиците ги чувствуваат доста голем број на вработени кои што се вработени во тие делови кои што се како стопански субјекти на некој начин организирани, во Републиката а го немаат уредено својот правен статус. Од тие причини и итноста од донесувањето на Законот е потребна и Комисијата смета дека со донесувањето на Законот ќе се обезбеди заштита на правата на вработените пред се, за оние вработени кои што во меѓувреме и се останати без работа поради одредени статусни промени кои што треба со самиот закон потоа на одреден начин да се ревидираат како со имовината така и по прашањето на статусот на вработените во тие делови. Републиката на овој начин ќе го задржи своето право со билатерални спогодби или пак доколку такво нешто

се случи во Другите републики и со примена на реципроцитет да го задржи правото на разрешување на овој проблем. Инаку, мене колку ми е познато една од бившите југословенски републики веќе пред година дена донесе забрана уште многу порано за отуѓуваше на овие делови што нашите претпријатија ги имаат во тие републики. Оттука и се очекува да на еден начин соодветен во делот на разрешувањето на вкупната имовинска состојба со тие билатерални спогодби да се разреши и овој проблем.

По однос на прашањата што еден од дискутантите го постави, по прашањето на Уредбата сметам дека е јасно со донесувањето на овој закон престануваат да важат уредбите кои што беа донесени.

Јас би поставил само едно прашање тоа што произлезе од повеќе обраќања на стопанските субјекти, а министерот сигурно во рамките на својот одговор уште еднаш тоа прашање да го отвориме, дали имотот на деловите на матичните претпријатија што се присоединиле на некое постојано претпријатие или на друго соодветно правно лице со седиште на територијата на Република Македонија се смета како влог на матичното претпријатие во претпријатието кон кое се присоединил неговиот дел.

IX/1 СС/ЛБ

**ПЕТАР ГОРГИЕВ** ( продолжение)

Јас колку што можев да протолкувам, од понудените решенија во законот тоа се подразбира но во секој случај тоа треба да се потврди затоа што и такви обраќања за одредени стопански субјекти што веќе сега се конституирани или на одреден начин се припоени кон другите субјекти да го задржат своето право на основачкиот влог, затоа што во рамките на Законот за трансформација сигурно ќе имаат одредени свои права во делот што. го внеле како свој дел.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, со донесувањето на Уставот на РМ кога нашата држава се прогласи за самостојна држава, се јави потребата за уредување на прашањето во врска со усогласуваше на работењето на претпријатијата и други правни лица, а исто така и делови од тие претпријатија со седиште надвор од РМ. Во услови на преоден правен режим до заклучување на билатералното договарање помеѓу бившите ЈУ Републики, а исто така и до заклучувањето на договор за сукцесија на;поранешна Југославија, Владата на РМ укажа потреба од донесуваше уредби за усогласување на работењето на тие стопански субјекти и делови од претпријатија што имаат седиште надвор од РМ, па во врска со тоа донесе две уредби.'

Правата беше во "Службен весник" бр. 2 од 1992 година, и втората беше во "Службен весник " бр. 21 од 1992 година, а исто така "и "Службен весник" бр. 5 од 1992 година кој истоветно ја уредуваше материјата.

Уставниот суд на Македонија, ценејќи ги уредбите со кои се тежнееше да се уреди таа материја, оцени дека со Уредба како акт не може да биде предмет на уредување на тие односи кои тежнее да ги уреди Уредбата,

бидејќи Уредбата е акт за спроведување на закони, а не е закон што треба да ја уредува таа материја. Уставниот суд со своја одлука бр. 34 од 1992 година, од 3 јуни 1992 година, објавена во "Службен весник на Република Македонија" бр. 40 од 1990 година ги поништи спомeнатите уредби, но го искористи правото, ги поништи, ги отстрани од правниот поредок да не можат понатаму да произлегуваат правни дејствија, но не ги поништи и последиците од тие уредби што ја регулираат таа материја'. Тоа значи дека мериторно утврдил дека Уставниот суд има потреба од регулирање на таа материја, а формално, ценејќи го формалниот поим на законскиот проект, со уредба како пропис што треба да спроведува закони а не да уредува материја, ја отстранил од правниот поредок,. И, на основа на одлуката на Уставниот суд објавена во "Службен весник"' бр. 40 од 1990 година Уставниот суд на РМ упатува дека оваа материја треба да се уреди со Закон

Следејќи ја Одлуката на Уставниот суд, законот е поднесен . на 19.11.1992 година и сеуште чека на собраниска процедура да биде ј усвоен. Започнатите постапки, бидејќи уставниот суд со свои одлуки не ги укина и правните последици од уредбите, се јави потреба од правен континуитет на продолжувањето на усогласувањето на работењето и обезбедување правен основ за завршување на тоа трансформирање или утврдуваше на правен статус на тие стопански субјекти со седиште надвор од РМ или пак што имаат делови во РМ а што треба да се усогласат со позитивните законски прописи. Тоа е Законот за странски вложувања, Законот за надворешно трговско работење и Законот за претпријатието.

Следејќи ги одлуките на Уставниот суд на РМ и мериторно не додавајќи скоро ништо го составивме и законскиот проект. Беа кажани

повеќе согледувања, да кажам и тоа дека со овој Закон фактички се обезбедува правен континуитет на завршувањето на усогласувањето или обезбедување правен статус на тие стопански субјекти што се со седиште надвор од РМ, и обезбедување правен основ за завргаување на определувањето на тој правен статус на тие стопански субјекти.

Исто така можеме да кажеме дека основна цел на овој Закон е заштита на интересите на РМ за заштита на тој дел од имотот да не биде отуѓен спротивно на позитивните законски прописи и од друга страна заштита од донесување на еднострани правни одлуки на стопанските субјекти со седиште надвор од Република Македонија, за да може да се обезбеди, согласно член 21 на Законот за работни односи каде такстативно набројува повеќе случаи, каде треба работниците да бидат обезбедени.

Исто така и членот 6, став 1 и 2 обезбедува сите правни дела, сторени противно на позитивните законски прописи, а тоа ,е споменатите уредби, споменатиот закон за странски вложувања, Законот .за надворешно трговско работење и Законот за работни односи, СОК, од стапувањето на овој Закон во^сила во рок од 30 дена да направи ревизија и доколку утврди правни трансакции спротивни на позитивните законски прописи на судовите да им предложи да направат ревизија и ги поништат таквите правни дела што се спротивни на позитивните законски прописи.

И, во врска со членот 10 каде таксативно кажува дека ништавна е секоја склучена правна работа или правен акт донесен спротивно на одредбите на овој Закон, судовите и другите органи на РМ нема да ги признаат правните последици ,на располагање, спротивно на одредбите на овој закон. Значи дека РМ го обезбедува целокупниот имот на тие стопански субјекти со седиште надвор е од РМ и имаат делови на имот на

тие претпријатија, согласно на овој Закон. Сакам да кажам дека со донесувањето на овој Закон кој може да биде од времен карактер се до заклучувањето на билатералните договори помеѓу републиките и до заклучувањето на договорот за сукцесија со бивша Југославија. Мислам дека се е јасно и експлицитно кажано. До колку некој го читал законот може да утврди дека фактични овој закон има превентивно дејство, заштита на имотните интереси на Републиката, заштита на работниците од донесување на еднострани правни одлуки од стопанските субјекти и заштита на правниот континуитет на продолжувањето на утврдувањето на правниот статус на тие стопански субјекти и делови од претпријатијата надвор од Републикава.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитувани пратеници, после ова што го слушнавме од господинот министер за правосудство Туше Гошев и од претседателот на Комисијата Петар Горѓиев не го доби правиот одговор. Јас мислам дека не треба сега за некои работи овде да се лажеме и да кажуваме едно кога тоа не е така.

Прво, Уставниот суд, со Одлуката што овде ја спомнавме укинува една уредба. Меѓутоа, еве ја Одлуката, во неа стои "Ја укинува уредбата "Службен весник на РМ" бр. 9 и дополнувањата на таа уредба тоа е 21/22. Никаде овде со оваа одлука не стои дека' Уставниот суд ја укинал Уредбата за привремена забрана на располагање со недвижности, подвижаииствари и права на територијата на РМ за која што јас реков овде дека е објавена во посебен службен весник, односно дека таа е од строго доверлив карактер, а тоа не е како овде ги цитирав овде овие службени весници, туку тоа е Посебен службен весник бр. 5 од 1991 година. Затоа не треба да ги мешаме овде дека ги укинала уредбите дека овде Уставниот суд расправал само по оваа Уредба а не по таа.

Ако оваа Уредба Уставниот суд ја укинал како уредба со која Владата си презела некои законски овластувања кои што овластувања ги има Парламентот како законодавно тело, а таа се јавила во улога на законодавец, тогаш јас го поставувам прашањето дали Владата и тоа оправдано сомневање, прашаше со сомневање дали Владата и со оваа претходна уредба која е објавена во посебниот Службен верник бр. 5 од 1991 година која што овде не ни е доставена во Собранието, јас барам да ни биде доставена на увид, а таа има наводно некои од таен карактер, дали со таа Уредба Владата не ја направила истото тоа прекорачување, не ја направила истата таа грешка и не ги направил истите пречекорувања. Без таа Уредба ние не можеме за овој Закон да t разговараме. Не можеме со овој Закон да го дадеме својот придонес. Затоа барам да се одлучи оваа точка додека таа уредба не ја добиеме на увид овде.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Комисијата за општествено политички систем го гледаше овој Закон и основниот нејзин заклучок беше дека со овој Закон се регулира една многу комплексна материја и предложи дури овој Закон да се гледа во две фази како би можеле некои недоречености и проблеми или дилеми да се отстранат. Меѓутоа, времето го направи своето и можеби рокот во кој можеше ова во две фази да се гледа ќе расчистеше многу работи. Сега сме ставени пред дилема заради итноста на законот да прифатиме и ваков текст каков што е.

Зошто ние мислиме дека треба да се отвори покомплексно ова прашање? Од проста причина што едно е односот на РМ кон имотот на претпријатијата од поранешна Југославија, односно другите републики, неговата заштита и заштитата на правата на вработените. Меѓутоа, друго е прашањето за односот на реципроцитет кој е до сега барем колку што ми е

мене познато ниту поранешната ниту сегашната Влада го нема на билатерален основ направено.

Вака, генерално донесениот закон може во пракса да создаде ситуација, ќе илустрирам со пример, според овој Закон, член 2, претпријатијата од другите републики можат да се регистрираат како претпријатија во мешовита сопственост или како претпријатија со странски вложувања. Со тоа се легализира имотот на матичното претпријатие и тоа станува странско претпријатие. Меѓутоа, во случај кога нашите претпријатија треба да се регистрираат, на пример во Србија, тие таму се регистрираат.-по Законот за претпријатијата. Што значи не добиваат третман на претпријатија со странски капитал. Од тука утре, во процесот на приватизацијата, со Законот за трансформацијата итн. бидејќи ова се друштва со ограничена одговорност, нивниот статус нема да биде подеднаков

Или пак, да го поставиме другото комплексно прашање во однос како одреден имот на претпријатија од други републики овде , е создаван. Како се градени овде некои објекти. Дали тие првостепено не се градени со средства, со капитал од македонските банки, од фондовите, па било тоа да се и сојузните фондови за недоволно развиените републики и покраини.

Според тоа, прашањето на статусот на претпријатијата треба да се гледаат комплексно од проста причина што ние, јас барем го немам тој податок, каков е односнот на имотот што другите републики поединечно го имаат овде и нашиот што го имаме таму. Јас знам некои состојби во кои, да речеме, некои претпријатија поодделни деловни простории или хали или незнам какви продавници ги имаат купувано за девизи. Од кога настана ова во Југославија како настана добар дел од тие продавници, тој имот се изгуби. Едноставно настана кражба. Ние, со тој податок во овој момент не располагаме и не знаеме дали импликациите на донесувањето на овој

Закон нема да одат на штета на имотот на РМ во деловите на поранешна Југославија односно сега суверените други држави. Ако тоа е отстрането, ако тоа не е дилема кај министерството и кај Владата што Комисијата за политички систем го постави пред месец дена, тогаш да го донесеме овој закон вака како што е.

**СТОЈАН АНОДВ:**

Дали уште некој бара збор? (не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов Заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на Закон за начинот и; постапката на усогласувањето на работењето на претпријатијата и другите правни лица што вршат стопанска дејност...

(пратеникот Драги Арсов бара збор со образложение дека не добил одговор на своето поставено прашање)

Ве  молам, јас прашав дали 'има некој да каже. Ова не се прашања и одговори. Вие кажавте, ако тој сака да каже ќе се јави.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Само нешто, за господинот Арсов, зошто прашуваше оваа Уредба е донесена 1991 година, ако знае дека оваа Уредба не произведува ниту регулира одредени правни дејствија единствено Уредбата е за привремена забрана на располагање со недвижности, подвижни ствари и права на територијата на РМ. Тоа значи дека таа материја само заштитува. Само толку.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

**ДРАГИ АРСОВ:**

Господине претседателе и господине министрре Гошев јас бев мислам конкретен со прашањето. Бараме увид во оваа Уредба

Затоа инсистирам да се одложи оваа точка додека не до- биеме увид во оваа уредба, бидејќи е од строго доверлив карактер, ние не можеме да расправаме за овој Закон, затоа што со таа Уредба сметам дека се решаваат суштински и се однесува на суштински прашања за кои што овде ние треба да расправаме.

Господине претседателе исто така мислам дека вие го разбравте моето барање. Од тие причини јас инсистирам на овој мој предлог.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вашиот предлог формално треба да биде вака предлагам да се прекине со расправата додека не ни се даде увид во Уредбата. Инаку, се друго што кажувате тоа е ваше учество во расправата. Ништо друго.

Господинот Арсов предлага да прекинеме натаму со расправа по оваа точка. Тоа го предлага тој додека не добие увид.

Предлогот го ставам на изјаснување.

Молам, кој е за предлогот на господин Арсов да расправаме дополнително откако ќе добиеме увид во ова, молам да крене рака)

(Пратениците креваат рака).

Дваесет и три пратеници се за предлогот на господин Арсов.

Констатирам дека овој предлог не е усвоен.

Да продолжиме натаму.

Дали уште некој сака да учествува во претресот? (не сака)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучува претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на Закон за начинот и постапката на усогласувањето на работењето на претпријатијата и другите правни лица што вршат стопанска. Дејност на територијата на РМ а

имаат седиште на територијата на други Републики на поранешна Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Кој е за молам да крене рака. (47)

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (14)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Ве  известувам дека Комисијата за општествено - политички систем предлага, заради сложеноста на материјата и значењето на прашањата што се уредуваат со овој закон, Собранието на оваа .седница да го усвои само Предлогот за донесување на законот, што е веќе сторено.  ; , .

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене ракз? (36)

Ве молам, мора да спроведеме друга постапка со поединечно гласање.

Предлагам поединечно гласање.

(Дел од пратениците бараат поддршка од 10 пратеника)

Јас барам поединечно гласање. Овде можам навистина да се посомневам. За мене не треба 10 пратеници. Овој пат навистина се посомневав во избројаните гласови.

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

1. Фаик Абди - за
2. Газменд Ајдарага - за
3. Хамит Алиу - за
4. Ешреф Алиу - за
5. Стојан Андов - за

6. Гоце Андоновски - за
7. Митко Анастасовски - воздржан
8. Тиме Андонов - за
9. Никола Апостолоски - воздржан
10. Душко Арсовски - не е тука
11. Драги Арсов - против
12. Бранко Арсовски - за
13. Ламбе Арнаудов - против
14. Јордан Бошков - не е тука
15. Горѓи Бојковски - за
16. Љупчо Георгиевски - против
17. Александар Гештаковски - не е тука
18. Петар Гошев - Не е тука
19. Владимир Голубовски - не е тука
20. Драги Гроздановски - воздржан
21. Санде Давчев - за
22. Димитар Димитровски - за
23. Тодор Димов - за
24. Доста Димовска г не е тука
25. Ратка Димитрова - не е тука
26. Петар Горгиев - за
27. Борко Горчевски - воздржан
28. Душко Ѓорѓески - не е тука
29. Зуди Емини - за
30. Јордан Зафиров - за
31. Горан Зафировски - воздржан
32. Насер Зибери - не е тука
33. Васил Зимбаков - за

X/3

34. Ванчо Златанов - за
35. Борис Змејковски - не е тука
36. Симеон Ивановски - не е тука
37. Љубосав Иванов - не е тука
38. Јаким Ивановски - не е тука
39. Иван Иванов - воздржан
40. Љупчо Јакимовски - против
41. Цветан Јовчевски - против
42. Ристо Јованов - за
43. Ѓулистана Марковска - за
44. Ристо Ќелешов - за
45. Ташко Киров - не е тука
46. Зор>ан Китев - ! против
47. Кирил Ковачевски - воздржан
48. Горѓи Котевски - против
49. Стојан Ковачевски - за
50. Зоран Крстевски - воздржан
51. Никола Крстевски - воздржан
52. Билјана Лазаревска - не е тука
53. Вецко Личоски - воздржан
54. Коле Луловски - воздржан
55. Флоре Масалковски - не е тука
56. Јован Манчевски - за
57. Ефтим Манев- за
58. Страшо Милковски. - за
59. Панчо Минов - за
60. Марин Миленковски- за
61. Владимир Митевски - за
62. Трајан Мицевски - не е тука

X/4

63. Ванчо Младенов - за
64. Џеладин Мурати - за
65. Авди Муртезани - за
66. Наиф Мустафа - не е тука
67. Симон Наумовски - за
68. Панче Насев - за
69. Славе Наумовски - не е тука
70. Богдан Неделковски - воздржан
71. Душан Николовски - за
72. Јован Николов - за
73. Тодосија Паунов- за
74. Михаил Пановски - не е тука
75. Томислав Пецаков - не е тука
76. Тито Петковски - за
77. Тодор Петров - за
78. Мерсим Положани - не е тука
79. Димитар Поповски - не е тука
80. Киро Поповски - не е тука
81. Љубомир Поповски - не е тука
82. Никола Поповски - за
83. Шабан Превала - не е тука
84. Исмет Рамадани - не е тука
85. Божо Рајчевски - не е тука
86. Иван Рамбабов - не е тука
87. Шукри Рахими - не е тука :
88. Неим Селмани - не е тука
89. Ферид Садику - не е тука'
90. Наум Симјановски .- за

91. Ацо Спировски - воздржан
92. Ристо Станковски - не е тука
93. Наќе Стојановски - за
94. Славјанка Стојанова - не е тука
95. Никола Стојановски - за
96. Стоиле Стојков - воздржан
97. Томислав Стефковски - не е тука
98. Ристо Стаменов - не е тука
99. Томислав Стојановски - не*е тука
100. Оломан Сулејмани - не е тука
101. Џелил Таири - за
102. Петар Темелковски - воздржан
103. Гоце Темелковски - воздржан
104. Благој Тошев - воздржан
105. Петре Трајаноски - за
106. Петре Трајкоски - воздржан
107. Димитар Трпеновски - за
108. Душан Трпчевски - воздржан
109. Агим Фазлиу - не е тука
110. Александар Флоровски - воздржан
111. Благој Ханџиски - не е тука
112. Абдурахман Халити - не е тука
113. Сејфедин Харуни - не е тука
114. Мухамед Халили - не е тука
115. Стојмир Цветковски - за
116. Неџати Џафери - за
117. Алил Џафероски - не е тука
118. Веби Џемаили - за
119. Благоја Чкатроски - за
120. Хисни Шакири - за

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вкупно гласале 76 пратеници.

"За" гласале 49 пратеници.

Против 7.

Воздржани 20.

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Арсов.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитувани пратеници, и овој пат морам да кажам и натаму останаа многу прашања на кои ние не можеме ,'да дадеме одговор со овој закон.

Ако со Законот за народна - одбрана, а потоа и со одлуката што ја донесе Владата се регулираат прашањата на сопственоста односно средствата од бившата ЈНА и од Сојузниот секретаријат за народна одбрана. Тие средства што се ;наоѓаа на територијата на Македонија, како што реков управуваше и располагаше со нив бившата ЈНА и ССНО; ги презеде и станаа сопственост на Република Македонија. Тоа се регулира со закон. Значи, тој имот од бившата ЈНА со Законот ,за народна одбрана што ние овде го усвоивме, а потоа и со одлуката значи тоа прашање е дефинитивно регулирано на тој начин што на тој имот сопственоста ја доби РМ.

Ова ви го кажувам за да можеме сега поконкретно и појасно да дискутираме по овој закон сега што е на дневен ред.

Дали сега со оваа уредба на која јас инсистирав да ја видиме овде РМ ја презеде таа надлежност односно стана сопственик на тој имот кој се управуваше овде од центри надвор од РМ или само се изврши привремена забрана на располагање на тие што управува односно на сопствениците на оние кои управуваа со тој имот чие седиште се наоѓаше надвор од нашата Република.

Ако постои привремена забрана, тогаш во овој закон сега што ни се нуди тој дел е испуштен. Имено, онаа уредба на Владата што ја укина Уставниот суд во членот 1 последниот дел од таа реченица стои дека со таа уредба е преземена и забраната на располагањето на тој имот односно на недвижностите. Бидејќи овој закон по ставањето вон сила на оваа уредба од страна на Уставниот суд истите тие одредби од оваа одредба сега се преточени во закон, во членот 1 се испушта токму тој дел во кој станува збор за привремена забрана за располагањето на имотот на Македонија чии седишта во надвор од РМ. Значи, овие прашања, да се разбереме, треба до крај да ги расчистиме, не можеме сега да носиме закон ако токму на тој план не сме го расчистиле правото на сопственоста.

Едно е ако е веќе привремена забрана на располагање, тоа значи сопственоста останува.

**ДРАГИ АРСОВ**:(Продолжение)

Ако останува сопственоста, ние тогаш не можеме да кажеме дека нашата Република е суверена и самостојна ако не ги презела сите надлежности и овластувања на имотот кој се наоѓа на територијата на нашата Република затоа што тој имот се управува од центри надвор од нашата Република. Затоа, сакам уште еднаш да укажам дека со оваа уредба тоа прашање е сврзано со сопственоста односно со располагањето на тој имот, не се решава едноставно, не сака да се реши затоа што со оваа уредба, како и со законот се поминува на едно друго прашање без да се даде одговорот на тоа суштинско прашање, се поминува на едно друго прашање, а тоа е на- чинот, значи како на кој начин и на постапката да се усогласи работењето на тие претпријатија односно на правните лица што вршат стопанска дејност на територијата на Република Македонија, а имаат седиште надвор од Републиката. Значи, очигледно на овој закон му недостасува едно суштинско прашање кое овде треба да биде опфатено.

Од тие причини, барав увид во таа прва уредба што ја донесе Владата.

Понатаму, зошто велам дека ова прашање е од значење да се реши со овој закон? Затоа што и од нивниот печат знаеме што се случува, а тоа е случајот со Комбинатот "Борово" каде во дневниот печат читавме, а за тоа навистина Владата овде треба да ни даде одговор дека тој Комбинат "Борово", кој се наоѓа сега на окупирана територија во Хрватска од страна на Србија, се прогласува за сопственост на југословенски комбинат, затоа што наводно во тој комбинат инвестирала цела Југославија и сега ние ако се најдеме овде во една таква ситуација да не го расчистиме прашањето на сопственоста, значи може многу лесно за тој имот што се управува со центри надвор од Републиката, некој да ни го прогласи за југословенски,

како што е случајот овде, а каква е судбината од еден таков нерешен статус покажува и примерот со Борово. Вели, поради таквиот нерасчистен статус, вели на територијата на Македонија токму со тој имот што се случува. Еве, според дневниот печат, 6 продавници бесправно се отуѓени од Силекс, заправо 3 од Силекс, б од Годел, односно вкупно 6 продавници Значи, едноставно со тој имот се прави еден грабеж. Дали ние сега ќе бидеме во ситуација со еден ваков закон да се доведуваме во едни вакви навистина непријатни ситуации? И дали ние сега можеме да прифатиме едно такво наметнување на статусот на Борово и на индиректен начин да признаеме, една за нас неприфатлива окупација на територијата на Хрватска.

Понатаму, ако од укинувањето на Уредбата односно од ставањето вон сила со Одлуката на Уставниот суд на Македонија односно од страна на Уставниот суд на Македонија до прогласувањето на овој закон настана еден вакум во кој вакум уследија нарушувања на основните односи во тие претпријатија, односно во тие институции, односно во тие друштва со ограничена одговорност. Настана еден таков општ хаос, нерасчистени имотни и правни односи, настана отпуштање на работници и нерегулирани прашања и настанаа такви последици за кои последици оправдано ние ја поставуваме одговорноста што произлегува од тие последици, затоа што станува збор за штетни последици, а за тие штетни последици да не се доведеме во ситуација пак да ги плаќа некој друг, да знаеме која е причината за таквите последици.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор во општиот претрес? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

XI/3.-

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани на член 5, став 5, член 6, став 1, член 7 став 1 и на членовите 1,2,3,4,5,6,-7 и 8 за додавање на зборовите "на поранешната СФРЈ".

Меѓутоа, на седницата на ЗПК ги повлече.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандман на насловот со кој Владата не се согласува.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандман на член 5, став 4 со кој Владата не се согласува, меѓутоа, на седницата на ЗПК претставникот на предлагачот го прифатил овој амандман.

Пратеникот Драги Арсов поднесе амандман на член 5, став 1 и за додавање нов став по ставот 1 со кој не се согласи претставникот на предлагачот.

Отворам претрес по амандманот на насловот поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Шест пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на насловот поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 5, став 1 и за додавање нов став по ставот 1, поднесен од пратеникот Драги Арсов.

Молам, кој бара збор?

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитувани пратеници, и покрај тоа што Владата не го прифаќа овој амандман, меѓутоа, јас чувствувам потреба да потсетам на неоснованоста, на апсурдноста затоа што Република Македонија ако не ја преземе

XI/4.-

надлежноста над тој имот, таа не може тогаш да му отстапува на Фондот во име на Републиката право на Фондот да управува и да располага со средствата на тој имот, во кој во меѓувреме нема да биде усогласена постапката за работењето ан тие претпријатија и додека тие односи се расчистат да управува Фондот за развој.

Од тие причини, јас предлагам прво Републиката да ги преземе тие овластувања, а потоа да му го отстапи тоа право на Фондот за развој. Додека Републиката не го оствари тоа право, додека Републиката не ги преземе тие овластувања и надлежности, не може тоа во име на Републиката да го прави Фондот. Тоа се апсурди, навистина се апсурди, јас незнам од кои причини и барам министерот за правосудство да одговори на ова прашаше како може едно суштинско прашање да се отстапува на Фондот,кога тоа е во надлежност на Републиката.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој бара збор?

Има збор Туше Гошев, министер за правосудство.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Прво, да истакнам дека со овој закон не се прави промена обликот на сопственоста, ниту се променува основот на сопственоста, а со внесување на одредба според која Владата на Република Македонија е субјект што го отстапува правото на управување и располагање со средствата на Фондот за развој, всушност се создава состојба извршната власт да се вгради во стопанско - правните односи, таа да е носител на правото на управување и располагање со средства и да ги пренесува на Фондот, што претставува вршење на работи надвор од уставниот и законскиот делокруг на Владата.

XI/5.-

Впрочем, сето тоа наликува на административно мешање во стопанството што е инкопатибилно со пазарниот карактер на стопанството. Наместо да се создава една таква сложена административна стопанска компилација со многу непознати елементи, решението што се предлага во членот 5 став 1 од Законот, а и натаму разработува во законот, е правно едноставно од стопански пазарен аспект оправдано и за Републиката најприфатливо. Тоа е најприфатливо и од позиција што доколку дојде до застој во договарањето меѓу субјектите во член 5 на Законот треба да се даде излезно решение, што во овој случај се состои во законското овластување на Фондот, при што нема никаква опасност истото да се преобрази на државна институција, затоа што работата и дејствувањето на Фондот се уредува со законски акти што ги донесува Собранието на РМ.

Од изнесените причини предлагам амандманот да не се прифати.

Исто така, да нагласам доколку господинот Драги Арсов го погледнал законот за Републичкиот фонд за развој, почнувајќи од членот 6 каде кажува дека орган на управување на Фондот е Советот на Фондот кој има претседател и 6 членови, претседателот и членовите на Советот на Фондот ги именува и разрешува Извршниот совет на Собранието на Република Македонија, а тоа значи со Фондот раководи директор што го именува Владата на Република Македонија, Фонд има надзорен одбор кој се состои од претседател и 4 членови, претседателот и трите членови на Надзорниот одбор ги именува и разрешува Собранието на РМ, Фондот му е одговорен за својата работа на Владата и на Собранието на РМ, па оттука сметаме дека е излишна ваква законска компилација со многу непознати елементи.

XI/6.-

Доколку дојде судир меѓу органите на Република Македонија, во ниеден закон не стои, мора да стои постапка на остварувањето на едно право кое му се дало со законот. Во самиот амандман таква постапка за остварување на тоа право не стои. Оттука, сметам амандманот да биде одбиен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

19 пратеници гласаа за.

Констатирам дека овој амандман не е усвоен, односно дека амандманот на член 5 став 1 и за додавање на нов став по ставот 1, поднесен од пратеникот Драги Арсов, не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 5, став 4 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Ве потсетувам дека Владата не го прифатила овој амандман, меѓутоа, на седницата на ЗПК претставникот на предлагачот го прифатил овој амандман.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ**: (од место)

Прифатен е овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

XI/7.-

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Законот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

56 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

Еден пратеник е против.

Дали некој се воздржува од гласање.

7 пратеници се воздржаа од гласање.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за начинот и постапката на усогласувањето на работењето на претпријатијата и другите правни лица што вршат стопанска дејност на територијата на РМ а имаат седиште на територијата на други републики на поранешна СФРЈ.

Преминуваме на **18-та точка** - Предлог за донесување на закон за плаќање на дополнителна поштенска марка "Република Македонија - Цвеќе на мирот", со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на закон, и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет и ЗПК ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за плаќање на дополнителна поштенска марка "Република Македонија - Цвеќе на мирот".

Кој е за, молам да крене рака?

49 пратеници гласаа за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака?

51 пратеник гласаше за.

Дали има некој против?

Двајца пратеници се против.

Дали некој се воздржува од гласање?

13 пратеници се воздржаа од гласање.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 2, меѓутоа, Владата поднесе амандман на амандманот и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани на член 2, член 3, став 1, член 5 и член 6 со кој се согласила Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Драги Арсов поднесе амандмани на насловот, на член 1, член 2 и член 3 и за додавање на 4 нови става со кои Владата не се согласила.

Отворам претрес по амандманот на насловот поднесен од пратеникот Драги Арсов.

Дали некој бара збор?

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитувани пратеници мислам дека со овој закон со кој што се бара плаќање на дополнителна поштенска марка "Република Македонија - цвеќе на мирот"
(РЕАКЦИИ ОД МЕСТО: НЕ СЕ РАЗБИРААТ ДОФРЛУВАЊАТА)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Седете вие таму. Ако сакате да напуштите се разбира можете, а сега еве имаме говорници. (пак реакции). Ве молам минавме на претрес по текстот. Продолжете господине Арсов. Не го прекинувајте говорникот.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Инсистирам со овој амандман да се исправи грешката што минатиот пат во овој собраниски дом , не се донесе законот за одбележување на јубилејот, односно одбележувањето на 100 години од основањето на ВМРО со дополнителна поштенска марка. Бидејќи на дневен ред е сличен таков закон, но овој пат тој закон е сврзан со плаќаше односно со издавање на дополнителна поштенска марка "Република Македонија - цвеќе на мирот", апелирам до сите пратеници во духот на поводот што се предлага овде за издавањето на оваа марка, а тоа е со оваа марка да покажеме дека сме Република на мирот, дека сме демократска Република и дека имаме разбирање не само за одбележување на вакви значајни настани и обележја на нашата Република, дека е тоа Република на мирот, туку да покажеме дека можеме да бидеме и демократска земја и на тој начин да прифатиме, да одбележиме со една дополнителна поштенска марка едена таков значаен јубилеј како што е 100 години од основањето на ВМРО. На тој начин ќе можеме да дадеме значај и да го потенцираме и на достоинствен

начин да го одбележиме она наше историско наследство за кое сигурно дека овде претставува достоинствен начин не само на нас туку и на целата Република. Да не дозволиме да се врли траур врз филателијата, да не дозволиме да се фрли траул врз една таква годишнина како што е 100 години од основањето на ВМРО, и да не дозволиме во светот посебно меѓу филателистите да кажат "јубилеј 100 години на ВМРО да, меѓутоа демократија не". Од тие причини напоредно со дополнителната марка "Република Македонија цвеќе на миротˮ истовремено да ја донесеме и дополнителната марка со која ќе го одбележиме јубилејот 100 години од основањето на ВМРО. И во тој контекст сакам да кажам дека со ништо нема да се отстапи и да се наруши карактерот на овој закон, бидејќи мојот предлог за одбележувањето на овој јубилеј по ништо не се разликува од барањето на подносителот за издавањето на оваа дополнителна поштенска марка "Република Македонија - цвеќе на мирот".

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

**ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ:**

Го замолувам претседателот на Собранието уште еднаш да ги објави резултатите од последното гласање, бидејќи според искажаните резултати нема ни толку присутни, ни толку гласови "за".

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам одете, ќе видиме.

**ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ:**

Јас чекам да ги кажете резултатите, што ви ги кажаа службите што бројат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро напуштете ја говорницата. Одете таму па ќе кажам. Педесет и еден беа "за", двајца "против" и тринаесет "воздржани". Тогаш беа тие резултати.

(од место има реакции и довикувања).

**ПЕТРЕ ТАЈКОСКИ:**

Господине претседателе, "за" гласале 41, и немаше повеќе и не можеше повеќе да има. 23 беа против, или 22 од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и неколку самостојни пратеници. И 51 не може да има "за" во никој случај

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, добро кажавте, напуштете ја говорницата и одете си, не може тука да се објаснувате.

Видете јас ги соопштувам резултатите точно така како што ми беа соопштени. Ако сте сакале поединечно гласање, сте можеле да барате поединечно гласање. Никој од вас не бараше поединечно гласање. Ве молам беа "за" од оваа страна (а покажува на десната страна од негова страна) и од левата страна 19 гласа. (реакции од место од левата страна на претседателот). Еве сите, ве молам немојте да викате кој. Немате право вие да прашувате кој. (реакции и се слуша зборот "лажете") Не е точно, вие, вие лажете. Не, вас ви се причинува; Мене ми соопштија. Еве го , Миро (се обраќа на службеникот што врши броење на гласови) Ве молам колку од таму имаше гласови. (на пратеникот кој стои покрај говорницата му се обраќа со замолување да си оди). Ве молам за тишина. Повелете вие ми соопштивте овде (реакции, претседателот го употребува ѕвончето за стишување) Ве молам колку имаше гласови на оваа страна (службеникот му соопштува дека "за" гласале 19 од левата страна). Ве молам овде гласале 19, а на другата страна 32. Ве молам, секогаш 19 и 32 се 51.

(смеење во салата). А вие, ако сакате поединечно гласање, побарајте поединечно гласање. Барајте поединечно гласање. (пак реакции).

**ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ:**

Поради сомневање во пребројувањето на гласовите барам поединечно да се гласа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

(реакции) Ве молам, само еден момент. Еве некој бара да се јави процедурално. Еве некои луѓе може и подоцна да се пробудат. Јасно .

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Кому му се спие нека земе јастук нека спие. Сега возот пројде и нема тука дискусии.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Видете, Ве молам, држете се до деловникот. Вие слушавте што соопштив. Никој од вас не стана. Па замолив дали некој бара збор по општиот претрес. Господинот Арсов зеде збор. Според тоа пратеничката група немала примедба. Ако имале примедба ќе станале и ќе кажеле луѓето.

За збор се јавува господинот Јакимовски.

**ЉУБОМИР ЈАКИМОВСКИ:**

Почитувани пратеници бидејќи рокот бараше за поименично гласање не е одреден со деловникот, рокот за барање поименично гласање не е одреден со деловникот. Ние имавме случај при носењето на Уставот за веќе усвоен амандман, после 5 дена некој се посомнева во резултатите и го прегласавме. Овде се работеше за две минути. Некој човек пребројал дека тој резултат не може да биде, се сомнева, и треба да биде дозволено поименично гласање.

XII/5

**СТОЈАН АНДОВ:**

Видете не беше 5 дена, туку беше прекината расправата на тоа, па го повторивме гласањето. Меѓутоа, процедурално немате право, но не гледам причина зошто не, суштински треба да се убедиме сите. Овој закон ако треба исто така ќе гласате и сега. Јас го преземам врз себе тој ризик, денес, сега поединечно гласање. Али ве молам знаете ли што е гласањето, дали сега да го претресеме и текстот на предлогот, зашто тоа не беше никакво содржинско гласање. Само за тоа беше. Меѓутоа, бидејќи се настојува да се створи еден немир, ве молам, (реакции од место), ајде секретарот нека ги прозива поединечно пратениците. Резултатите од гласањето беа 19 од едната и 32 од другата страна.

**(ГЛАСОВИ ОД МЕСТО):**

Ама луѓето излегоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам смирете се и седнете ќе завршиме сега. Ќе се убедиме.

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

ФАИК АБДИ - за
ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА - за
ХАМИД АЛИУ - не е тука (се врати и гласа "за")
ЕШТРЕФ АЛИУ - за
СТОЈАН АНДОВ - за
ГОЦЕ АНДОНОВСКИ - за
МИТКО АНАСТАСОВСКИ - воздржан
ТИМЕ АНДОНОВ - за
НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ - воздржан
ДУШКО АРСОВСКИ - за
ДРАГИ АРСОВ - против
БРАНКО АРСОВСКИ - за
ЛАМБЕ АРНАУДОВ - против
ЈОРДАН БОШКОВ - не е тука
ГОРГИ БОЈКОВСКИ - за
ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ - воздржан
АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ - не е тука
ПЕТАР ГОШЕВ - не е тука
ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ - не е тука
ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ - воздржан

САНДЕ ДАВЧЕВ - не е тука
ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ - за
ТОДОР ДИМОВ - за
ДОСТА ДИМОВСКА - не е тука
РАТКА ДИМИТРОВА - не е тука
ПЕТАР ГОРГИЕВ - за
БОРКО ГОРЃЕВСКИ - воздржан
ДУШКО ГОРГЕВСКИ - за
ЗУДИ ЕМИНИ - не е тука
ЈОРДАН ЗАФИРОВ - за
ГОРАН ЗАФИРОВСКИ - против
НАСЕР ЗИБЕРИ - за
ВАСИЛ ЗИМБАКОВ - за
ВАНЧО ЗЛАТАНОВ - за
БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ - не е тука
СИМЕОН ИВАНОВСКИ - не е тука
ЉУБОСАВ ИВАНОВ - не е тука
ЈАКИМ ИВАНОВСКИ - не е тука
ИВАН ИВАНОВ - не е тука
ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ - воздржан
ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ - против
РИСТО ЈОВАНОВ - против
ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА - за
РИСТО ЌЕЛЕШОВ - не е тука
ТАШКО КИРОВ - не е тука
ЗОРАН КИТЕВ - воздржан
КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ - воздржан
ГОРГИ КОТЕВСКИ - против
СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ - за
ЗОРАН КРСТЕВСКИ - не е тука
НИКОЛА КРСТЕВСКИ - воздржан
БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА - не е тука
ВЕЦКО ЛИЧОСКИ - воздржан
КОЛЕ ЛУЛОВСКИ - воздржан
ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ - не е тука
ЈОВАН МАНЧЕВСКИ - за
ЕФТИМ МАНЕВ - за
СТРАШО МИЛКОВСКИ - за
ПАНЧЕ МИНОВ - за
МАРИН МИЛЕНКОВСКИ - за
ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ - не е тука
ТРАЈАН МИЦЕВСКИ - воздржан
ВАНЧО МЛАДЕНОВ - за
ЏЕЛАДИН МУРАТИ - за
АВДИ МУРТЕЗАНИ - воздржан
НАИФ МУСТАФА - не е тука
СИМОН НАУМОВСКИ - за
ПАНЧЕ НАСЕВ - не е тука
СЛАВЕ НАУМОВСКИ - не е тука
БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ - воздржан
ДУШАН НИКОЛОВСКИ - за
ЈОВАН НИКОЛОВ - за
ТОДОСИЈА ПАУНОВ - не е тука
МИХАИЛ ПАНОВСКИ - не е тука
ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ - не е тука

ТИТО ПЕТКОВСКИ - за
ТОДОР ПЕТРОВ - за
МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ - за
ДИМИТАР ПОПОВСКИ - не е тука
КИРО ПОПОВСКИ - не е тука
ЉУБОМИР ПОПОВСКИ - не е тука
НИКОЛА ПОПОВСКИ - за
ШАБАН ПРЕВАЛА - не е тука
ИСМЕТ РАМАДАНИ - не е тука
БОЖО РАЈЧЕВСКИ - не е тука
ИВАН РАМБАБОВ - не е тука
ШУКРИ РАХИМИ - за
НЕИМ СЕЛМАНИ - за
ФЕРИД САДИКУ - за
НАУМ СИМЈАНОВСКИ - за
АЦО СПИРОВСКИ - против
РИСТО СТАНКОВСКИ - не е тука
НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ - за
СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА - не е тука
НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ - за
СТОИЛЕ СТОЈКОВ - за
ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ - не е тука
РИСТО СТАМЕНОВ - не е тука
ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ - не е тука
ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ - за
ЏЕЛИЛ ТАИРИ - за
ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ - против
ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ - воздржан
БЛАГОЈ ТОШЕВ - против
ПЕТРЕ ТРАЈАНОВСКИ - за
ПЕТРЕ ТРАЈКОВСКИ - против
ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ - не е тука
ДУШАН ТРПЧЕВСКИ - воздржан
АГИМ ФАЗЛИУ - за
АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ - против
БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ - не е тука
АБДУРАХМАН ХАЛИТИ - не е тука
СЕЈФЕДИН ХАРУНИ - не е тука
МУХАМЕД ХАЛИЛИ - за
СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ - за
НЕЏАТИ ЏАФЕРИ - за
АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ - не е тука
ВЕБИ ЏЕМАИЛИ - не е тука
БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ - за
ХИСНИ ШАКИРИ - не е тука

**СТОЈАН АНДОВ:**

Зуди Емини и Хамид Алиу, еве дојдоа дополнително, тука се сега влегоа после гласањето.

(од место довикувања дека пак нема 51 "за").

Добро де, ако нема, гласаа околу вас сите

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

Хамид Алиу - за

**СТОЈАН АНДОВ:**

Треба да се изјасни и Хисни Шакири.

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

Зуди Емини - за

Хисни Шакири - воздржан

XIII/1 пј/см

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вкупно гласале 79.

11 гласови се против.

17 гласови се воздржани.

51 гласови се за.

Еве сега што направивте. Потполно неосновано сакате да внесете немир во работата, а тоа не е добро. Не е добро така да се прави, дајте да работиме, Собрание сме.

Молам, дали некој бара збор, по амандманот на господин Арсов. Тој го образложи. (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).

27 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на насловот поднесен од пратеникот Драги Арсов.

Отворам претрес по амандманот на член 1, поднесен од пратеникот Драги Арсов.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

27 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 поднесен од пратеникот Драги Арсов.

Отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од пратеникот Драги Арсов.

Молам, кој бара збора? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака) .

22 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 поднесен од пратеникот Драги Арсов.

Отворам претрес по амандманот на член 3 и за додавање два нови става, понесен од пратеникот Драги Арсов.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

(Пратениците креваат рака).

18 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 за додавање два нови става, поднесен од пратеникот Драги Арсов.

Отворам претрес по амандманот на член 3 и за додавање два нови става, поднесени од пратеникот Драги Арсов.

Молам, кој бара збор?

**ДРАГИ АРСОВ:**

Ги молам пратениците да ја уважат оваа исправка во членот 3 односно за амандманот 5 кој не се однесува за членот 3 туку за членот 4, став 1. Зборовите "дополнителна поштенска марка" се заменуваат со зборовите "дополнителни поштенски марки".

**СТОЈАН АНДОВ:**

Претресот е отворен по амандманот на член 4 и за додавање два нови става поднесени од пратеникот Драги Арсов.

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака.

12 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот нд член 4 и за додавање два нови става поднесен од пратеникот Драги Арсов.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никоја).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

49 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (тројца).

Дали е некој воздржан? (7 пратеници).

Ве  молам сега да го утврдиме точниот број бидејќи се 10 воздржани и против, а 49 гласаа, да го утврдиме вкупниот број на присутните. Сигурно некој не гласал, а 59 се. Мислам дека има кворум. Ве  молам избројте ги

пратениците кои што се наоѓаат во салата.

72 пратеника се присутни. Тоа значи дека имаме кворум.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за плаќање на дополнителна поштенска марка Република Македонија "Цвеќе на мирот".

Предлагам сега да прекинеме со работа,а утре да продолжиме во 10,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 17,30 часот).